

Анте
**ПОПОВСКИ**

# ПРОВИДЕНИЈА



Анте
ПОПОВСКИ

# ПРОВИДЕНИЈА

АНТЕ ПОПОВСКИ

СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА

*НИП „Нова Македонија“*
Генерален директор: *Панде Колемишевски*

Издава: *Редакција „Детска радост“*
Директор и главен уредник: *Петре Бакевски*

АНТЕ ПОПОВСКИ

# ПРОВИДЕНИЈА

*детска радост*
СКОПЈЕ
МАКЕДОНИЈА

*На мојата* ***Соња*** *и нашите*
*деца* ***Жорж*** *и* ***Александар***



## *МОЈАТА СИНА ПТИЦА*

Лесно ќе ја распознаете мојата сина птица:

таа не ги колве кората и плодовите на овошките,
не застанува на карпите, не демне по мрши и коски,
- мојата птица никогаш не се симнува од небесата.

Мојата птица ги покрстува небеските варвари,
светлината ја пресоздава во писмо според кое
бела како коска, студена како кама

- неизвесноста пустоши низ нас...

Толку високо, самоти ѕвездите,
можеше да се искачи само зборот,
мојата сина птица:

со клунче од звуци, со крилја од глаголи...



## КАДЕ БИ СЕ УМИРАЛО?

Кога надоаѓаат знаците на крајот тој
сѐ уште не ги чувствува ѕвездите
под своите стапала. Сѐ уште стои камењето
околу него, цврсто враснато
во овие сурови но писмени ридишта
од коски, вино и темјан. Си мислам:
кога не би било ова парче
проколната земја
јас знам каде би се живеело
- но не знам каде би се умирало...





## ХРАМОВИТЕ ВО ТЕБА

Во Египет, храмовите во Теба се ѕидани така
по секој камен на кој се врежани знаци
да доаѓа камен без знаци.
Писмото се чита преминувајќи
од камен преку друг камен
но читајќи вие нема да одгатнете ништо:
недостига само еден камен без знаци
кој да ја поврзе смислата на сѐ што е напишано.
Храмовите во Теба, тврдат, се камени книги
чие писмо може да го одгатне само оној
кој прв ќе се скамени.

Запалете свеќа во мракот. Нека трепка.
Сѐ дури не ги почувствувате ѕвездите под себеси.



## ЕПИТАФ

Го поземам од сеќавањето и го внесувам
во песната
стеблото кое осамено некогаш стоеше тука.
Те изведувам од заборавот и тебе,
седната во неговата сенка со отворена книга
и само те гледам и само улам по тебе:
невернице, со крст од чесно дрво околу вратот,
помогни му, возврати му на еден човек
кој те препишува ноќва од минатото,
и во бранови дури се враќаат
сите одминати нешта врз кои стави рака Ти.

Помогни му на тој човек
од самотија создаден и нејзин епитаф.





## ЕДНА НАВРНАТА ПТИЦА

Една наврната птица поземам,
еден див коњ од планината
и малку здравец: убаво мириса
покрај огниште.
Сите заедно ги внесувам во оваа песна
и се сеќавам себеси: жител на пештерите...

Ги успивам. Неколку ѕвезди се спуштиле
над влезот и според нив
забележувам колку блиско било
од земјата до небото:

само мојот обичен човечки живот ги дели...



## *ИСТА РЕЛИГИЈА*

Не може да се препише летот на птицата
но ти продолжуваш тоа да го правиш,
ти тоа го сакаш.
А дрвото сака да гори?

Одново погледнуваш нагоре:
идеално точно птицата ја препишува
твојата душа врз сининатa.

Утре заедно ќе летаме...





## *ЧОВЕК. ПТИЦА...*

К вечерина бела птица му слетува на рамото,
си поигрува, го гали, му шепоти:

- Пушти ме само една ноќ
да се кријам низ твоите соништа.
- Позајми ми ги крилцата
само едно небо да прелетам...

Птицата заспива на неговото раме,
тој уште лета во небото на својот јазик...



## ЖИВИ ЛУЃЕ

Стоеја пред стотиците статуи на своите предци
изделкани од огромни блокови камен.
Кога ги прашаа: како ги кренавте овие карпи,
како ги донесовте тука,
тие одговорија:
не се тие камен, тоа се живи луѓе,

камењата некогаш знаеја да се движат сами...





## РЕЛАЦИИ

Македонија,
таму луѓе живеат на земјата?

Македонија да,
таму земја живее на луѓето!

## ДАЛЕЧИНИ

Безмалку ќе си отидев со прелага
дека бесконечно далеку од мене
биле пештерите од камената епоха,
опсадата на Троја, сината змија
со пеги црвени како крв,
угаритските епови...

И цел живот ги барав по пештерите,
низ книгите,
Патрокле и Александар Македонски,
Цезар и Исус - а не помислив

дека тие се тука:
одвај метро-две под мене...



## ЗАБОРАВ

Цел живот гледам моите коски,
мојот разум,
поривот мој, телото и видот, сè од кое
сум создаден
како се преобразува во зборови,
долги и куси, жолти и сини,
израмнети како под преса,
без возвишенија и без рабови
за листовите на книгата
природно да налегнуваат еден врз друг...

Така се преобразив себеси
во земја преведена на македонски
врз која ќе шетаат ветровите...

Не барав идеја за одново да оживеам
- добро ми е во заборавот.

## *ИДЕЈА*

Наизуст ги знам имињата
на сите стракчиња во дворот,
ги изучив тајните на каменот
родниот крај на птиците
како го одгатнува
според нивната песна,
можам да погодам чија е секоја коска
која белее меѓу корењето дури копам,
според белината на коскате го распознавам
дури и гласот на нејзиниот човек,
знам по кои патишта и семето в земи
се преобразува во плодови и бои,
сето тоа и многу што друго
јас добро го знам

- барам идеја како да излезам од земјата...



## *ПОБОЖНИ ПТИЦИ*

Птица слетува врз камбанаријата,
друга на кубето над олтарот.
Ја слушаат молитвата а јас гледам во нив:

птиците и јас имаме иста вера -
прераскажуваме молитви од нашите разговори
со ѕвездите.

## *НА СВЕТИ НИКОЛА, БИТОЛА 1991*

Вино на трпезата и што сè не принесе
старичката за таа да прилега
на мал манастир, со благ збор,
со конаци, со молитви, славје
и една запалена свеќа:
ќе се подотвори вратата
или ќе проговори некој -
а пламенчето ќе се заниша,
ќе затрепери како птица
во студена и ветровита ноќ,
како Македонија
пред наточените балкански ками.



## *ЦЕЗАР И МАЈКА МУ*

Мајко,
или нека пресуди Бог: заедно
со Клеопатра
да го видиш својот син како врховен
свештеник
или ќе пресудам самиот:
Јас, Римјанин, - на нејзина земја,
Таа, Македонка - на моја земја да сонува...

Сине,
пресудил Бог или си пресудил Ти
- твоите зборови се како чемпреси:
големи се и многу високи
но - без плодови...

## ДЕВОЈКИ, МОМЦИ

Девојки, момци,
во овие летни ноќи
ги симнавте сите ѕвезди
и на небото веќе не остана ништо.
Сега, над оние кои некогаш гореа
на истиот оган на кој сега горите вие
стои едно голо небо
и еден студен ветар сега шета
низ нивните свети привиденија...



## ТРИУМФАЛНИ ПОРТИ

Извишија велелепни триумфални порти
но војските не се вратија:
Дењем сонцето, од оваа страна портите
ги издолжува сенките на момчињата
до кај што стига нивната татковина;
ноќем месечината, од таа страна портите,
го издолжува крстот
отаде нивните соништа.
Од оваа страна портите со јаглен запишано:
„Тие паднаа за татковината„;
Од таа страна портите, со крв на момчињата
запишано:
„Ние не паднавме за татковината,
ние сме нејзино продолжение,
настапуваме кон сонцето...„

Птиците проповедаат на свој јазик.



## *НЕПРОЧИТАНО ПИСМО*

Врз секоја карпа, врз секој камен - некој знак!
Длабел некој низ мракот на времето знаци
со камен врз каменот и сега целата татковина
е некое неодгатливо писмо.
Знаците истетовирани врз карпите,
стопени со времето,
втиснати во сеќавањето на народот
- сега се свети знаци низ кои струи
и крвта и тајната на македонскиот збор:
изгорени гласови, неоли,
крвави засеци на ножот
осенчени со крик на големи погибии...

Целата татковина - свето и непрочитано писмо.





## *ДЛАБИ ЅВЕЗДАТА*

Откако паметам
ѕвезда грее над големиот камен во дворот

и ноќе, невидливо, прашинка по прашинка
гребе по каменот, го разјадува,
длаби во него со својот светлосен свршел

и уште малку сосем ќе го прониже.

Длаби ѕвездата магиско прозорче
низ кое утре, заборавен под каменот,
јас одново ќе ја гледам...

## *ГО ПАМЕТАМ ЈАС ТОА ОРО*

Го паметам јас тоа оро на тројца браќа
во свој двор, на своја земја.
Ја гледам таа втроена тврдина
сосидана од камен кој крвави
како се ниша, како се пресоздава
во сенка која се поткрева и клекнува,
стои и оди, ја гледам земјата
како го поприма обликот на нивните тела,
каменот - нивните имиња.



Гледам, значи, строги чекори
кои од животот си го враќаат она
кое претходно тој веќе им го одзел.

Пиштат свирките, јачат,
ги будат мртвите разгневени,
ја поткревам ногата во место,
ја вкрстувам над колена со другата,
се наведнувам,
ги доодувам двата чекора напред,
се готвам за последната стапка назад

- која да го докрајчи орото...



# *ГЕОГРАФСКА КАРТА*

*На Петре Бакевски*

На географската карта не можат да се видат
помрачувањата на сонцето и на месечината,
во неа ништо не се кажува на какви постели
сонувале предците, кои песни ги пееле,
не се гледаат ковачите и мевоите кои ги разгорувале,
на неа ништо не може да се одгатне
за ѕидарите на црквите, за тоа каде
и во кои пештери се криеле Богомилите и
пустиножителите, со какви билки
се хранеле тие, какви цветови цветале околу нив.

На географската карта не се гледаат
водениците и валавиците, трлата и нивјето,
коњите и стожерите, месечината над гумната;
на картата ги нема дождовите и калта,





знамињата зад кои оделе војските; на картата
не можат да се распознаат соништата
ниту на мртвите ниту на живите;
географските карти не знаат да кажат
чие продолжение биле оние кои веќе ги нема.
На географската карта препишани се само
високи, стрмни, опасни планини,
создадени од камење кое гледајќи нѐ
израстуваат уште повисоко - како со најбрзи
крилја.

Ние, грутка во картите на Македонија,
само таиме, само молиме:
дај боже да имате сѐ но никогаш
о, вие потомства, да не се скамените:

планините имаат смисла доколку некој се искачува
по нив.

## *СРЕТСЕЛО*

Месечината го слуша разговорот на старците
седнати сретсело и незабележливо
ја издолжува камбаната
и ја фрла сенката на нејзиниот крст
да паѓа точно врз нив.
Кога тргнаа да си одат
во сенката тие заприлегаа
на свиткани свеќи запалени од двата краја.

Бог не ги толкува своите знаци.
Тој ги осмислува.



## *ШКОЛСКИ КЛУПИ*

Расфрланото камење позеленето од лишај
(го именуваа: камење на добриот разум),
тврдеа дека некогаш било школски клупи
но не знаеја да посочат кој учел тука и кога.
Книгите на тие што учеле веќе се затворени
но писмото во нив не исчезнало:
некогашните букви расфрлани низ правта
се пресоздале во тревки
со кои сега сама се лекува земјата.
Меѓу тревките, меѓу зеленилото,
убаво се распознава и сенката што врз нас
ја фрла стеблото на Јуда:

- дух опоганет сам од себеси
шета низ нас.

## *НЕ ДОПИРАЈ СЕ*

Не допирај го каменот ненужно!
Не буди ги оние кои се молеа
да ги надживееш!
Го затвори зборот во тајните пештери на каменот,
го запечати во нив со светата смола на гревот
и го остави отаде твоето срце,
отаде твојот cerebrum и cerebellum.

Не допирај го ненужно каменот...
Не допирај се!



## *ОД СИНА ТИШИНА ЗБОРОВИ*

Од сина тишина создавав зборови
и од зборови Те создавав Тебе
Те поведов низ младоста, низ цел живот
една по една да ги собираме трошките
на кои постапно се распаѓавме.

Сега, легнувајќи во самите корени
на новиот век
се загледуваш во мене
и ги згаснуваш една по една
ѕвездите во моите очи.
Така, обеззвезден, влегувам во предел
на света бессоница,
во предел на морничав студ.

О, поезијо, девојко со вкус на вечност.

## *КАКО ТЕ ВИКААТ?*

Кој ли си ти, о камен?
Кои беа оние околу тебе
и макаа леб и ѕвезди како на трпеза?

О ти, кој ниту презираш - ниту осквернуваш,
одрони само еден збор,
кажи како те викаа?



## *ОГНОВИТЕ*

Спиевме едно до друго во иста постела покрај
огновите...
бевме пагани и ништо не ни недостасуваше.
Утринум ја гледавме црвената птица на огнот
како ги запишува нашите имиња на небото;
на залез гледавме гледавме нешта кои не
ги распознававме.

Огновите беа, ситни, убави суштества
и според тоа кон која страна ги свртуваше ветрот
ние ги толкувавме болестите што ќе нè снајдат,
им ги откривавме имињата на незнајните
и намерниците,
знаевме кои гласови во која песна да ги извикуваме:

црвени беа оние кои свртуваа на југ,
синкави беа оние кои пееја кон север,
но сите беа благородни и добри:
шетаа по полето, се искачуваа по ридовите,
јазеа по гранките и заедно горевме:
тие однадвор - ние однатре...

Доказ за тоа ќе ни биде пепелта што ја оставивме.



## ЈУДА

Осамен намерник, со крваво жезло во рацете
седна во сенката на стеблото да си почине.
Но одеднаш тоа почна да се ниша, да се тресе
и само од себе да гори.
За миг стеблото се престори грутче црна згура
од срам кога узна
дека намерникот во неговата сенка

бил самиот Јуда!





## СОНЧОГЛЕДИТЕ

Кој гледа нагоре? Ти?

Уште од младости застанував покрај сончогледите,
ги допирав, читав од нив, распрашував учени,
но еве, јас и ден-денес не сфатив
која е таа тајна, каква е таа сила,
истиот миг кога да се покаже сонцето
- билката да сврти кон него,
да ја почувствува единствената насока,
да ја открие вечноста,
да ѝ се предаде нејзе.
Каков е тој студ, си мислев,
тој страв од осама,
која е таа мудрост и таа дарба
билката во својата крв да ја препишува
судбината на вселенските искони,
да се пресоздава во свето продолжение
на светлината?
Човек и не е свесен:
преку допирот на тоа невино стебленце
дека ја допира сета своја бесмисла
наспроти смислата на сѐ она мало што нѐ опкружува...

Билката нѐ поучува:
долу ќе се пресоздаваме во нејзино корење
и изгаснати заедно ќе кружиме со сонцето...



## СТРАКЧЕ. ЧИНИЧЕ. ПТИЦА.

Стракче зеленило се покажало утринава
во пукнатинката на каменот.
Му пристапи, го подисправи,
го позеде со поглед
и го засади меѓу зборовите.
Помисли: колку да е
некаква сенка ќе фрли билката.
Во сенката потоа
стави чиниче вода и најпосле
насели птица во својата песна.
Помисли: јули е пекол во Македонија
а птиците не смеат да гинат:
тие се нејзин ракопис...





## ОБИЧНО ПОПЛАДНЕ

Со што посвето поетот на Македонија
може да го затвори кругот на својот век
освен во своите дланки да ѝ принесе
вода на ранетата птица во дворот
и освен пеејќи им да ги израстува
своите внуци и низ нивната насмевка
да го согледа корењето на новиот век
во кој да згусти татковината ни?

Печат од три ѕвезди во една
втиснувам во моите соништа
и си заминувам. Граби,
се тресе од тропотот
на мојот втроен коњ
небесата.



## *ВЕТРОТ ЈА ЛИСТА ИЗГОРЕНАТА КНИГА НА ЛЕТОТО...*

*The land was ours before we were the land's*
***(Robert Frost)***

Ветрот ја листа изгорената книга на летото,
со влажно крпче ја брише правта на страниците
и подзастанува. Гледа: болештини му го замрачиле
виделото на сонцето и сега снеможено тоа легнува
меѓу црквите расфрлани низ езерото -
како меѓу привиденија. Убаво му е тука,
меѓу апостоли и пророци,
сите заедно дури го оплакуваат летото
оковано врз еповите на Византија.





Звукот на камбаната во залезот
им го враќа паметењето на ѕвездите;
она што го нарекуваат историја -
ѝ ја враќа девственоста на твојата земја
која единствена на светот - граничи сама со себеси.
Од таа болка пукаат човечките коски
и семето, црно како смрт, потсетува
на гласот на Фрост:
пред да станеме нејзини земјата беше наша.

Ветрот ја листа изгорената карта на летото
во која пишува: пред да се убие некој -
убиецот треба да ја има и согласноста на жртвата?

## *ЗАРАДИ ВАС*
## *А НЕ ЗАРАДИ БОГА*

Вие, достојни за окајание,
заради вас а не заради Бога
раѓајте и множете се.
Ако е до Бога тој и од ова камење
може да си народи потомства.
Заради вас, велам, раѓајте
зашто на дрво кое не раѓа
остра секира му светка во коренот!
Вежбајте мали молитви
внатрешен оган да го осветли
и да гори во дрвото
- а не дрвото во оган!



## *КРВАВО ПИСМО*

И кога би се вратиле за одново да започне сѐ,
кога би ги превозмогнале и знајата
и незнајата,
и историјата и антиисторијата,
кога би се вратиле, значи, таму кај што не
би постоело ништо:
одново залудно би било сѐ: секогаш и секаде
прв меѓу сѐ, пак би бил обликуван мечот:

одново сеќавањата на потомствата
ќе бидат запишани
со неговото крваво писмо...

## *ИМПЕРАТОРОТ ХАДРИЈАН ВО ЕРУСАЛИМ, 118 год.*

Со што се почестува цар
што ја освоил твојата земја?
прашува Хадријан

- Мојата земја не се освојува,
одговори старецот што засадуваше
овошка на ридот. Ние ги даруваме
само оние кои ја напуштаат неа.

Царот заповеда да го погубат и го погубија.

По три години кога се враќаше
Хадријан застана на истото место
кај што беше погубен старецот.



Младо стебло тогај тргна кон него
сосе корење, сосе гранки. Се наведна
тоа пред Хадријан и му ги подаде
своите плодови.

- Јас сум оној ист старец што заповеда
да ме погубат - рече стеблото,
ние си стоиме на зборот...

- Гласот ти останал ист. Зборот
кој не се протолкува е како писмо
кое не е прочитано.

- Ние преку зборот а зборот преку плодовите
својата одмазда им ја предава
на потомствата.

Се поклони стеблото и си се врати на ридот.



# ПТИЦАТА... ПТИЦАТА...

*На С. Џ. Перс*

Пее птицата утрово во гранките
на нашата вишна
потскокнува, игра... Знае таа
дека на гости ќе ми дојдат внуците.
Тврдам: во гласот на секоја птица
се запишани местото што го одбрала за да живее
и душата на оној што ја слуша.
Затоа оваа птица шета низ моите соништа
*криејќи во нив нешто од песната на создавањето.*





# ГРУТКА ВОКАЛИ

Допирам некој древен предмет,
го разгледувам, вртам,
и без расудување: јас веќе шетам низ истото
попладне
и ги слушам истите гласови сред кои бил создаден.
Го допирам него но не можам да одгатнам што е
и од што е создаден.
За себеси знам: сето мое битие, сѐ што можам
и не можам
е од - зборови. И кога ќе ми оземјат коските,
и од мене ќе нема ни име ни поштук -
одново мене моите зборови ќе ме пресоздадат:
грутка вокали скаменети во залез.

Поедноставно е грутката да се прескочи
отколку да се одгатнува...

## *МИРЈАНИ НА ЗБОРОТ*

Цел живот лист хартија
стои ставен на масата
и чека песната сама да се запише,
самата да стави точка на себеси.
И навистина: листот кога се исуши,
кога пожолте како древен свиток,
птица застана на прозорецот, прелета
и ја остави својата сенка врз хартијата.
Тоа невино писмо



во мене се пресоздаде во непрекината молитва
и сега дење - ноќе јас ја бакнувам
невидливата рака
која го зароби летот на птицата
врз златните небеса на овој лист.

Утрово, како во далечен еп,
бог светка во нејзиното молчење
и со втроени прсти проповеда:
Мир Вам,
деца на песната - мирјани на зборот.



## *ЗА МАЈКАТА НА ВЛАДИМИР ХОЛАН*

Само Те прераскажувам, само Те
преповторувам:

сте го забележале ли, барем еднаш, копнежот
во очите на својата остарена Мајка,
ноќе, на гости при Неа, со нејзините свети раце
дури ја мести постелата на која ќе легнете,
дури го раздиплува чаршафот, со дланка
дури ги гали и мазни и најневидливите дипли
за сонот да ви биде спокоен и лесен?
Се сеќава Таа тогај на нешто,





милува таа некого,
се препознава во далечната стихија
на љубовните огнови од свадбите во Суза
и сега, дури ја средува твојата постела
Таа во својата крв ја распретува пепелта,
го откопува далечниот довик на момчињата
од Македонија
заспани во студовите на Азија.

О, љубови, чиј глас светка
меѓу старозаветните знаци,
твојата молитва нека им биде спомен
на оние
кои им се крстат и на своите урнатини...

## *СТИХИЈА*

**На 25 степени под нулата**
**ти сѐ уште не успеа да се преобразиш**
**во жив укит. Продолжуваш нагоре,**
**влегуваш во душата на белата стихија,**
**таму небото кај што пее - птицата кај што свети.**
**Прескокнуваш траги на срничка прогонета од луњите,**
**застануваш скаменет пред разјарен волк**



од кој потскокнуваат божиќните стебленца.
Во неговиот рик ти убаво го распознаваш довикот
на твојата дваесет и петта година
кога искачувајќи се по оваа иста планина
и не помислуваше дека трагите што ги оставаш
се зборови од некоја света песна.

Уште нагоре, уште нагоре...
Кај што завива волкот, кај што гризе парчиња
ѕвезди
и ѝ пее на стихијата.

## *ЖОЛТО СТРАКЧЕ*

Ова жолто стракче,
ова осамено малечко сонце,
на самиот раб на бездната -
не го откорнаа луњи,
не го изгореа студови,
не го прегриза дивеч,
никој освен тебе
немаше душа да го убие него:



ти утрово се искачи на овој камењар,
ти го скина, не верувајќи дека утре,
осаменик, ќе застанеш на неговото место.

Поумен и почовечен од тебе овој камењар
ќе те препознае утре и точно тука
ќе те пресоздаде од самата пустош на животот:

не може каменот без твојот цвет врз себе.



## *АРХЕОЛОГИЈА*

Каде ѝ да подраскопав
се покажуваа глинени плочки
и на нив војници и птици.
На една од нив
коњаник со штит и копје,
гледа право во мене,
личи на човек
што сонува нешто големо и страшно -

а за поразот сопствен - ни збор.





## *КРВАВИ СЛОГОВИ ЅВЕЗДИ*

*На Никита Станеску*

**Не пеј ни ја таа песна, викаа,**
**зашто таа песна е река голема:**
**а старецот продолжуваше да пее**
**и низ песната скитаа**
**сите осаменици од македонската историја**
**и сите птици од чии клунови паѓаа**
***крвави слогови ѕвезди над морето.***

**Но, какво море, праша старецот, кое море**
**ќе го избрише гревот над Македонија?**

## *КРВАВИК*

Цел живот го чека таа,
цел живот го носи таа
тој прстен од крвав ахат,
тој крвавик,
со златна црта разделен
на две:
над цртата - без него таа,
под цртата - без неа тој.



## *ОЛИМПИЈА И КЛЕОПАТРА*

Олимпија го одврза своето свилено шалче
и ѝ го подаде на Клеопатра:
нашиот сопруг сега е мртов
и ти сега бидејќи повеќе го љубеше
можеш да се обесиш
или пак да гориш на истата клада
на која изгоре Филип...

Не сакајќи со ништо друго
да ја замеша својата пепел
Клеопатра се соблече угулгола,
го развеа шалчето како знаме,
се фрли на огнот што сама си го запали
и запеа:

над сите други нешта
највозвишена од сѐ е - душата!
Ќе горам со неа сама!

## *ГРЕВ*

Само од себе пресуши стеблото
од жалости што немаше плод на себеси
намерник во тешки неоли
кога намина крај него.
Намерникот не умре - но стеблото умре.
Милост сакам а не жртва, - рече намерникот
кога се загледа во стеблото
и цели две илјади години од тогај наваму
насолзен шета низ страниците
на Светото Писмо.



## *ОДМАЗДНИК*

Тропа пророкот на врата:

- Огниште, куќо, што се случи,
каде се луѓето?
- Еве сме: пепелта и небото
ѕвездено,

нивни одмаздник сме што те прогонува.



# *ОВИЕ РАСФРЛАНИ ПЛОЧИ*

Сè што имаше да каже - таа го кажуваше
со живи зборови
кои копнеат и страдаат како луѓето,
не оставаше зборовите да се скаменуваат
на хартија,





таа тоа го сметаше за Исусов грев.
Овие расфрлани плочи покрај реката
на кои таа ги постилаше алиштата да се сушат
се едно од тие нејзини писма кои јас сега
се мачам да ги одгатнам.
Има мигови во ова летно попладне
туку што не проговорило ова камење,
туку што не почнало да глаголи
на ист глас и со иста мисла како нејзината.

## *ПРОВИДЕНИЕ*

Му се доближувам на стеблото
начичкано со столетија и ѕвезди.
Го листам неговиот календар.
Одгатнувам: тајна на неговата возобнова
се нашите искушенија:
невиноста на Ева -
да биде сѐ поинаку од она што е -
уште од древности
гревот го осмисли во одмазда.

Одново се покажува плодот
и одново потомствата на Ева
застануваат под стеблото.

Пушти ме: или Ева е мојот порив
или јас сум нејзино провидение.



## *СТУДОВИ*

Гледам и ми се кине срцето:
секоја трета прачка изземнала,
пресвиснала во студовите.
Кај можам да гледам јас:
ѐдно весело - другото изгорело
и зедов го ископачив целото лозје,
ги искорнав и изгорените и здравите.
Реков: сите заедно дојдовте
- сите заедно ќе си одите...
Не згрешив. А ако згрешив
- пак исто:
некогаш и душата моја орачи ќе ја ораат.

## *МЕСЕЧИНА*

Уште од древности
осамените копнеат по неа
- таа по мене:

Собира смил по камењарот,
одбира место на кое
да го стави врз мене.

Сè друго̀ е излишно:
ќе владеам со империјата
на оние кои сонуваа..,



## *ОПИТ*

По којзнае кој пат во овој ист живот
одново се загледувам во стеблото во дворот
и молчам. Кога ова стебло би било
со неговата рода во горага, во дивината,
човек, можеби, и не би го забележал.
Вака, гледајќи го осамено во дворот,
свиткано надолу и без ниеден лист на себе,
макар и овенат, макар и како метафора
на некоја надеж,
човек помислува:
доколку студот и мракот и пустошот декемвриски
се јазик на кој говори стеблото
одново пред да расцути
- опитот поучува дека на тој јазик
треба да проговорат
и сите македонски земји!



## *КАФЕЗИ ЗА ПТИЦИ*

Пишува Бартоломео ди Јани, во 1443
дека народот ги затвора очите
за да не гледа што се случува
со македонските христијани:
ги гледавме Сараћените
и малечките дечиња и девојчиња од Македонија
затворени во кафези за птици
и товарени на коњи како ги носат на пазар





за да ги продадат.
И дури одеше карванот
Сараћените палеа цигара од цигара
и на сите дечиња гласчињата им ги слушавме
само на едно детенце
главчето му беше увиснато и потпрено наназад
и лицето му беше бело како вар
и очињата му гледаа право во небесата
и гласот се гледаше дека му е скаменет
и многупати себеси се прашував кога се вратив дома
требаше ли, нужно ли беше
Бог да ни даде и очи?



## *ТРИТЕ ЖЕНИ И АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ*

Не им ги разурна домовите,
не им ја изгоре жетвата,
не им ги погуби мажите
и жените коленичеа пред него
молејќи го:
- друг пат за кој што си наумил нема
а по тој пат уште никој не се вратил назад...





Му го рекоа тоа но тој не ги послуша,
го крена мечот и им заповеда на војските
да тргнат по него отаде Мртвото Море.
И тукуштo тргнаа војските
трите жени се искачија на ридот
дочекувајќи ја неговата ѕвезда
која веќе паѓаше од небото.

Најстарата тогаш рече:
- сенката уште му се гледа
а на земјата веќе сѐ е минато...



## II БАЛКАНСКА ВОЈНА, 1913

Кипарисите во Солунско,
високите момчиња во зелено,
имаат очи кои гледаат сè
но-не можат да бидат видени...
Повлечени во себеси -
не отстапуваат ни чекор,
стојат на своето место,
на својот збор:
нивното учење е во немо,
занемува и оној кој ги гледа.
Она што се научува од нив
- не може да се изрече!

Кипарисите во солунско,
високи момчиња - Македончиња во зелено,
заробени летото 1913.





## И КОГА ДОАЃАМЕ И КОГА ЈА НАПУШТАМЕ

Нашите дедовци се храneле со солена лобода
и љубеле да кажат: на својата земја
прилегаме
и кога доаѓаме на неа и кога ја напуштаме.
Туѓите зборови ги раздаваме - своите ги криеме
и се колнеме во птиците кои летаат низ псалтирот.
Оделе облечени во орфејски одежди
и им пееле на своите потомства:

да не би да го надживееете
и да не би да ве надживее

- имајте ист век со сонцето!



## *СПОМЕНИК*

Среде купишта камење обраснато во диво
билје
одвај се распознава некогашното огниште
во нашиот дом: бела пепел згрутчена
од дождовите. Скаменета, света трага
од дечињата околу огништето;
споменик на детството кое изгорело тука
со стиснати дланки полни ѕвезди
собирани во студени ноќи...





## *А МОЈОТ ЖИВОТ ОСТАНУВА*

*На Марк Стренд*

Дури ѝ пее на билката да издржи во студот
- тој е билјолик,
дури молчи над каменот за да му ја згусти осамата
- тој е каменолик,
дури го насрчува ѕверот пожестоко да ништи
- тој е ѕверолик:

гласот му е како на пророк дури го чита Светото
Писмо:
О Марк: I empty myself of my life - and my life remains...
сè повеќе се празнам од својот живот

- а животот останува!



## *СМИЛ*

По ридовите на мојата татковина,
по камењарите нејзини -
цветови... Цветови...





Јазикот само на еден меѓу нив толку јасно
ги одгатнува сите мои тајни:
има Исусов мирис, жолта молитва
и бесконечно долги раце:

кои те прегрнуваат во земјата.

## *ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ*

Ноќта кога тргнавме в црква,
гранките уште голи -
стеблото, помислуваш се исушило!

Со запалени свеќи
в зори кога се вративме дома
вишната во дворот - расцветана!

Господи! Свето дрво во мојот двор!

Преку своите корени
тоа ја осознало победата на пророкот
и тајната меѓу животот и зборот



и во ист час расцутело и тоа.

Белите гласчиња на неговите цутови
запеале во ист миг со народот:
Христос воскресе...

Цутот потреперува од сопствената песна,
се рони, паѓа и паѓајќи
со бел глас го запишува насловот на песната:

Христос воскресе...

## *МНОЖЕЊЕ НА СОНЦЕТО*

Одново помислувам на сончогледите:

од што се создадени невидливите главчиња
со кои сонцето ги води зад себе
ако не се од истата тајна и истата крв
како и самото сонце?
Како би знаеле тие, саноќ свртени кон исток
и неосквернати од ништо
со тиха молитва да го дочекуваат изгревот?



Ние можеме да ги именуваме секако:
сончогледи - хелиотропи - санфлауери - хелиантуси,
смислата е во друго:
создавајќи суштества вљубени во сонцето
зар навистина земјата - по толку време
и со толку луѓе
не научи да намножи вистински сонца?

Животот не е во логиката
туку во интуицијата која ѝ недостига на земјата.

## СЀ ДРУГО НАДЕЖТА ЌЕ ГО СТОРИ

Што е тоа цел ден што те врза
та ја дочека и ноќта наведнат
врз тие редови? Сам си, темно е
а ти продолжуваш да читаш
преповторувајќи дека во секој од нас
постои искра која осветлува сè...

Не гасни ја!
Сè друго надежта сама ќе го стори...



## КАДЕ СЕ?

Тие што го правеле овој пат - веќе ги нема

и човек залудно се прашува сега
каде се и зошто отпатувале?
Па тука се: својот краток живот
тие го вградиле во овој пат,
во овие бесконечни потомства
кои се разминуваат по него...

Сега бог светка во нивното молчење
а јас се обидувам барем да стапнам
во некоја нивна стапалка
дури го правеле патот.
Ветрот би го разлистал
ракописот на нивните соништа:

смислата на разминувањето на потомствата
по патиштата...

## *КОВЧЕЖЕ ДРАГОЦЕНОСТИ*

Пророкот, со преполнето ковчеже
драгоцености,
одеше од пределите на Стариот Завет
во пустината
а кога го запреа Римјаните и го прашаа каде оди
тој им рече: при моите, во пустината;
а што носиш во ковчежето кога го прашаа
тој им рече: даноци и подароци за вашиот Цезар.

Тогај тие му го истурија богатството, му го зедоа
и ковчежето му го наполнија со земја
а кога стигна меѓу своите и го прашаа што
ни донесе
тој им рече: земја ви донесов од Стариот Завет.



О, ти ни носиш најголемо богатство, му рекоа
неговите,
- правта од таткото наш, Аврам, ни ја носиш!

Тогаш неговите фрлија рака - две од таа земја
над градот што не можеа да го освојат
и брзо потоа видоа како се покажува море
кое ја заборавило својата возраст
а потоа насекаде никнаа големи и мали,
невини и сини зборови,
некои го чуја дури и гласот Аврамов
како надоаѓа од земјата и рекоа ајде да запееме
- а како да запееме песна во туѓа земја,
рече пророкот
и продолжи да запишува нешто врз пергаментот
самиот пресоздавајќи се во искривен псалм
што го сричат потомствата...

## *КРВАВАТА ЛУНА*

*„Епитаф му е крвавата луна“*
***(Кјевед)***

Седиш на истиот камен на кој седел првиот
човек
и слушаш летната ноќ во Мијачијата
како ја сричи неговата прва реч,
како ја пее неговата прва песна.

Неразбирлив е тој говор но ти го следиш гласот
на тој човек и постапно забележуваш



недостојно, самата понижувајќи се, песната негова
како се пресоздава во ѕвездено писмо.

Седиш на истиот камен на кој седел првиот човек
и почнувате заедно да пеете првиот човек,
каменот, ти,
сосе прадедовци, сосе дедовци, сосе татковци
и пеејќи
гледате минливоста како се пресоздава во вечност.

Се бранува тоа ѕвездено море врз вас
и слушате како се продолжува низ времето
и сам себеси најгласно како си пее првиот човек
на кој *епитаф му е крвавата луна*...



# *УМНО СТЕБЛО*

*На Јанис Рицос и неговото „Стебло“*

Умно стебло. Врз себе запишало сè за себеси:

Најпрво, летна луња со гром го расцепи надве
- лузните останаа - стеблото не се предаде,
фиданки се покажаа низ јагленот.

Година-две потоа, скокајќи од стебло на стебло
пожар му ги јагленоса гранките
- лузните останаа - стеблото не се предаде.
зелени ресички виснаа од изгорените гранки.





Најпосле рани од засеци на секири
му ја доизгореа душата:
- лузните останаа - стеблото не се предава
нови фиданки во секој засек зеленеат.

Умно стебло: тоа не памети минато!
Утрово: *во неговите круни се внезди*
*чудна портокалова птица и таа му беше*
*единствен плод - малечко златно ѕвоно,*
на висок зелен ѕвоник.

И само му пее, само му пее на животот.
Стеблото не памети минато.

## *ПОСЛЕДНАТА ПОВЕЛБА НА ХАДРИЈАН*

Ах, вие мои Римјани, ах, вие мои римски легии!
Толку векови сте тука а уште ништо не научивте
од селаните на македонските провинции!
Тие исушени и корави луѓе, кои не се возбудуваат
од историјата туку ја создаваат неа, орајќи тие,
според распоредот на коските в земи
одгатнуваат кога сте ја опоганиле нивната земја
и колку сте ги опустошиле нивните гробишта.



Ах, вие мои Римјани, ах, вие мои римски легии!
Со оклопи и со штитници, со мечови и со знамиња!
Ништо не научивте од тие горди луѓе:
вас секојпат ве влечеле дијадемите на нивните
кралеви, релјефите на божиците вглобени
во нивните оклопи, сте изгореле сè што можело
да гори, градови и библиотеки,
и уверени дека сте уништиле сè нивно

вие сте изумиле дека тие луѓе
ви го покажувале само она што нема значење:
- коските на нивните предци не сте ги ни допреле!
Сте ги оставиле нив во земјата а со нив

и духот на тие луѓе, и сите нивни знаменија и сни!
Сте оставиле, значи, сè штом веќе сте ги оставиле
коските,
тие се нивната последна и сигурна одбрана.
Тие несреќни луѓе повеќе од себеси ги љубат
своите мртви коски и урнатини
па сега ништо не е наше а нивно е сè!

Ти, мој млад трибуне, ти кој Кресцен, командувај
марш на нашите војски via Roma преку македонските
провинции!
Во ноќи без месечина ќе ја напуштиме оваа земја
зашто доколку останеме уште малку тука



Рим ќе остане без свое продолжение:
незабележливо оваа земја со нашите коски
ги храни своите коски; врз карпите
веќе го забележувам профилот на нашата смрт.

Командувај, мој трибуне, марш на нашите војски
Via Roma преку македонските провинции...
По морињата нека браздат нашите кораби назад,
нека запеат војските, Орфеј нека им биде
татковина дури да стапнат на својата...
Ќе ѝ се поклониме на македонската земја
како на голема ѕвезда
наспроти нашата римска свеќа која трепка пред нас.



# *ЗАЕДНО СО ЛЕТОТО ЛЕЖИМЕ ВО РОДНИОТ КРАЈ*

Заедно со летото лежиме во родниот крај.
Јас се вртам кон земјата - тоа го превртува
денот,
јас ги одгатнувам пегите на моиве раце
тоа го одгатнува залезот.
Си велам: нема тука никаква тајна -
време се населило во коските
и сега длаби низ нив, ги разјадува.
Нема тука никаква тајна, си повторувам себеси,
едно лето ќе е последно лето: и ова потреперување
на гранките и ова свивање на стракчињата
- сè е последно и прво. Одново, можеби, по ова





пак ќе затреперат гранките, и, одново можеби
пак ќе се свиваат стракчињата,
ќе дојде, можеби, и, ново лето.
Во недостиг на поинаква размисла
или што ѝ да е друго,
коските почнуваат да вијат
за да ме потсетат дека сè уште се тука
- во мене и со мене.
Некој инсект го забележува тоа, доаѓа,
лази по раката, потскокнува од пега на пега,
гребе по нив со некое остро перце,
ме рисува, ме препишува: искривен псалм.

Се гледам: ранета ѕверка,
напнато секое мускулно влакно,
накострешена ѕверка подготвена за последен скок!

## *ТИЕ МАЛЕЧКИ НЕШТА ОКОЛУ НАС*

Тие малечки нешта околу нас
на кои не им обраќаме внимание
се посилни од нас.
Тие имаат смисла да нè наджиveaт
зашто содржат суштини кои нè поврзуваат
низ времето.

Како мали Мајка ни плакнеше
крст од чесно дрво што од Светата Земја
го донесол некој наш предок.



Крстот го правел самиот Исус, тврдеше Мајка,
Исусов врсник е, велеше Таа,
оваа длапка на крстов е трага од неговиот палец,
овој засек е од неговото остро ноже
дури го обликувал дрвото покрај Јордан.

Го допиравме потоа крстот, го целивавме,
доколку убаво се заслушувавме во ноќите
го препознававме дури и гласот Исусов.
Така научивме како сме стигнале до тука
зашто сите нешта околу нас се само зборови
а отаде името е она што е безимено.
И навистина: ова мало нешто



што го допирам одново во сеќавањето,
преминувајќи од рака на рака
само во нашата мајкина лоза
памети многу колена! Па зошто тогај
во некое продолжение наназад
тој крст да не го допрел и Исуса,
зошто оваа длапка да не е трага од неговиот
палец
а овој засек да не е од неговото ноже?

Тие малечки нешта кријат во себе дел од нас
и ѝ го предаваат на иднината. Во нив
заробени се многу морења, скаменети многу галии,





во тие мали нешта светкаат мечови на крстоносци,
демнат многу помории, пустошат многу љубовни
луњи,
во тие малечки нешта воплотен е човек
чија сенка шета низ црнината.

Врз мојот допир и врз мојот целов
заробени на овој крст
јас веќе ги чувствувам усните и рацете
на потомствата... Какви се тие прелаги
дека исчезнуваме?
А малите нешта?
А ние заробени во нив и на нив?

## *МУЗИЧКИ ПРОБЛЕМ*

Лекарите дигнаа раце:
- срцето му игра под кожата
како зборот низ песната, - рекоа.

- Што да му правиме, - прашаа,
- ќе му пеете како во епските времиња, - рекоа,
а по некое време сам ќе си се пресели
во предел без историја.

И тие му пееја, сѐ поубаво и поубаво,
веруваа дека секоја болест
е мал музички проблем. Го храбреа,
му врзуваа одломки од осаменичка поема
и тој ги носеше нив место амулет
сѐ дури не се пресели некаде
разнесен од орфејските ветришта.



## *ПЕЕ ВНУЧЕТО*

Слушам на телефон ми се јавува внучето
и се распеало, пее дали пее, милото...
Се размавтало со гласчето како со знаменце
начичкано со цвеќенца, со ѕвезди, со птици,
и сѐ околу мене стаѓало на нога
ја слуша песната и глаголи молитва:
и гласот и песничката, сине, нека ти станат
мил спомен постар од Библијата...

## КОГА ГО ДЕЛЕА ИСУСА

Како Исуса кога го делеле од Богородица
квечерина едно по друго
ги излачија јагненцата од мајките.

Има мигови
само што не проплакал каменот.



## ПОКРАЈ МРТВОТО МОРЕ

Овие сневеселени, овие изгорени цветови
во пустината покрај Мртвото Море
си имаат своја историја: сабота квечерина
тука прошета пророкот и нареди
да се заколат сите освен девојките
кои останале необљубени од момчињата.
Сега цветовите на брегот на Јордан
се само крвав препис на историјата,
тих спомен на огромната пустина во душата
на девојките.

## *ЗБОРОТ*

Со години се влечкаа, лазеа низ пустината
јагленосани, оземјени.
Тие пустината ја носеа во себеси
- пустината ги носеше нив.
И сосема кога ќе снеможеа тие
пустината продолжуваше сама:
знаеја зошто - не знаеја каде.

Едно утро слушнаа непознат глас:
не плашете се за леб,
не страхувајте за вода,
- зборот ја храни душата!
И сите тогај се нафрлија на гласот,
го распокинаа, го разделија
и секој само се криеја низ пустината

кршејќи го гласот на топли крајшничиња зборови.



## *СОЛЗА*

Не е во тоа колку е убава вишната во дворот
и не е во тоа колку родило дрвото
или пак дали веќе се исушило, се доискривило.
Едноставно, има еден човек кој со години
своето прво утринско кафе го пие сам
загледан нагоре
сеќавајќи се на првите цутови во дворот.
Стеблото веќе се исушило
и го осквернува сеќавањето:
солза врз сјајната кама на исчезнувањето...

## *ВОЈНИЦИТЕ МРАЗАТ ПРЕЖИВЕАНИ...*

Мухамед Туглак, султан од Делхи,
1337 ги построи војските под Делхиските Врати,
го извади јатаганот и им се обрати на сите:
полковници, војници, кој е тој Александар Македонски
и кој е тој Цезар? Кои се тие нивни војски
наспроти вас? За три месеци сакам да ги надлетате
Хималаите и да се спуштите таму



сонцето никогаш кај што не зајдува!
И тргнаа. Со знамиња, со труби, со тапани.
Третиот месец се врати еден од полковниците
само со петмина коњаници. Султану,
сите освен нас, уште недопрени врвоите
легнаа и се скаменија во планината.
Мухамед Туглак со презир ги погледа в очи,
еден по еден ги допре со својот јатаган
и заповеда: таму кај што лежат сто илјади
мои коњаници - ќе лежат уште петмина други:
Јас сум војник а војниците мразат преживеани.
Не е достатно да се биде жив
а да не се стигне таму сонцето кај што не зајдува!

## *ЦЕЛ ЖИВОТ ЧЕКАШЕ ТАА НЕКОГО...*

Цел живот чекаше таа некого:
чаша полско цвеќе на прозорецот,
црвено веленце послано во одајата...

Сето тоа внимателно го следеа стеблата
во дворот и најстарото меѓу нив,
со гранки раширени како човечки раце,
и од тага ли, од што ли,
се покажа во маглата
и зачекори кон неа да ја прегрне.



## *БУБАЛКА*

Утринум, длабоко тонејќи
во светлосните реки на Бистра,
златна бубалка се искачува врз белината на мојот лист
на кој се запишани само неколку зборови.
Лази меѓу нив, се крие меѓу буквите,
а јас во голема возбуда ја бркам со моливот,
ја туркам да се симне меѓу тревките,
ја молам да ѝ се врати на невиноста,
на неосквернатоста.

Што бара, се прашувам,
невино суштество меѓу проколнати зборови?

## *КОЛЕДЕ*

Коледе-леде... Коледе-леде...

Го слушам гласчето на своето внуче,
потскокнува, тропа, удира со дабово гранче
да му се отвори вратата на својот дедо,
да влезе во неговиот дом
како во свето здание.

Си мислам: еве го чуварот на моето огниште.
Ставам оревчиња во торбето,
ставам црвени јаболка,
и гледам како расте детето, како убавее
а кога ќе израсте

и Света Дева би се раздевила по него...



## *ПОГИБЕЛ*

Поетот откри големо небо
и насели јата птици на него.

Тој и не поверува дека борбата на птиците
претскажува погибел:

не стигна да ја види нивната борба:
онебе. Подобро без мене - отколку без мојот сон

шепоти тој ноќва отаде ѕвездите.

## *РАКА ЗА РАКА*

Рака за рака по ридот се искачуваме ние
- внучето и јас. Ќе седнеме на оној камен
за да гледаме: утрово пролетта
ќе се симне по ливадите.



Пред нас: траги од копита на срничка
- невино писмо, живи зборови
посадени во земјата,
тајни знаци од кои се прават мартинки за децата.

## *ВАРИЈАЦИИ*

На *Francis Bebey*

Ми пишуваш:

„Не цртај мртви кози
на ѕидот од мојата колиба.
Цртај сонце или месечина
или ѕвезди
сè што не е гладно
ни жедно
црташ кози а изумуваш
да им принесеш некое стракче трева
и малку вода
и се чудиш твоите јадни животни



зошто умираат уште недодојдени на свет
не цртај веќе мртви кози
на ѕидот на мојата колиба...“

Ти пишувам:

„Не цртај осамени сончогледи на ѕидот
не допуштај уште недодојдени да овенуваат
ќе ги нацрташ и ги оставаш сами
без да им покажеш небо,
без да им принесеш сонце.
Што да сонуваат? Околу што да кружат?
Не го слушаш ли нивниот глас?
Моите сончогледи се плашат сами во мракот
- не цртај осамени сончогледи на ѕидот...“

## КАМЕН КРВАВИК

Поземам камен од урнатините на езерото.
Го допирам, го вртам, гледам:
траги од бестелесните.
Тоа е истиот камен со кој
мојот дедо фрлал по крстоносците.
Камен - крвавик. Камен - богомил.



## МЕЛБУРН. ВОСКРЕСЕНИЕ

Во голема осама како и Бог,
со икони и камбани низ ноќта
Византија залудно се мачи
да го разбуди океанот,
да го вознемири, да го преврти...

Старички од Балканот,
во паќни, црни облеки
и со запалени свеќи
што ги држат како врз себеси,
кружат околу црквата,
му пеат на Воскресението
и допирајќи го пламенот на свеќите
една по една воскреснуваат
во родниот крај...

Сè си има некоја чудна смисла:
Воскресението на Балканот стигнува пролети
тука - есени,
и како догоруваат свеќите во рацете
така и тие невини старички и не осознаваат
дека полека со свеќите згаснуваат и тие
точно тука,
правта под нивните нозе
кај што ништо не памети...

## *ЧЕМПРЕС И ДАБ*

Два свети знака:

Едниот - дух на светлината,
свешта на воскресение,



Другиот - провидение на луњите,
жезло на стихијата.

Две свети стебла:

Ниедно не расте во сенката на другото.

## *ЗАПИС ЗА БОГОМИЛСКАТА ТВРДИНА ВО ПРЕСПА ОД КРСТОНОСЕЦОТ ЗИГФРИД М.*

Влеговме во Македонија од кај Костур
и три дни шетавме покрај големо езеро.
Кога влеговме во тврдината видовме
бестелесни луѓе кои со денови
ниту се одѕиваа на нашите повици
ниту пак нешто проговорија меѓу себе.
Беа загледани со векови нанапред
и секој на свој начин
правеа историја од своите соништа.
Огнот кога ја зафати целата тврдина



и кога почнаа да пукаат една по една
коските на сите
чекавме барем еден од нив да се помрдне,
да офне, да списка. Тоа не се случи
тие смртта ја дочекаа како божји подарок.
Догореа кога догоре и огнот,
пепелта нивна кога стана едно со пепелта
на тврдината. Излишно беше што го најдовме
клучот на нивните соништа кога веќе
ги немаше нив. Изгореа луѓето, изгоре камењето,
останаа како да не ги допрел огнот
само нивните торби и во нив Откровението
Јованово, низ кое шетаа пеејќи:
... светаја светих.

## *НАШАТА ГОЛЕМА ЦРКВА*

Според тарунот обесен задкуќи,
според обликот на вратите или на прозорците,
според градината или според патеката,
според гласот на дечињата во дворот,
не ви се случило ли и без да знаете чија е
да ѝ го одгатнете стопанот на куќата?

Времето не ги памети куќите -
тие го паметат него:
загледани кон невидливо море
запишуваат сè врз себеси; сечиј глас
и помисла, летот на птиците го заробуваат



на своите прозорци, крстот на свештеникот
кој осветил вода го целиваат,
завивањето на дивината во лутите зими
врз нив е напластено,
наспроти дарбите на времето
да заборава и да проштава
- куќата е книга врз која е запишано сè:

едно дете седнато на прагот пред куќата
мака леб и ѕвезди и се чуди
зошто сонцето ги заобиколува големите куќи
и зошто во нив е многу студено?

Нашата мала куќа - нашата голема црква,
нашиот Витлеем...



## *СТРАВ*

Ветрот прошета низ гранчињата
на младото стебленце
тие шумолат, го молат:





страв ни е ноќем да бидеме сами
замоли ја, шепни ѝ на птицана од она стебло
при нас да преноќи...

## *ПОЕТОТ И ЗБОРОТ*

Го поучуваа да не се загледува во битието
на зборот,
да не ги погани неговите праискони,
бегај од него, го молеа, остави му го на Бога,
не придизвикувај го, пушти ја судбината негова
само да ги открива и да ги одгатнува нештата
- сам како што владееш и ти со немоќта.

Не прекорувајте ме, рече, и му се предаде на зборот:
твоја објава сум, од тебе создаден - ќе создавам и јас.
Присобра сè што е неопходно за да создаде песна:
судбина, душа, грев, оган, печал, и легна
врз тајната постела на зборот како врз клада:



веруваше дека низ песната ќе ја превозмогне
силата на зборот и ќе ја открие тајната
зошто зборовите согоруваат во песната
та таа останува без нив?

Влезе во душата на зборот, го запали однатре,
го разгоре огнот во него та зборот почна да крцка,
да офка, да светка, да лета, почнаа да му се
расчинуваат коските, почна да исчезнува
низ пламенот,
и гледајќи во зборот тој не забележа
дека и самиот пламнува а заедно со него
и сите други нешта зашто и тие беа
од збор создадени: и плодоносните стебла
и тревата и камењето, кандилата и црквите,
залезите и реките, птиците и соништата;

сѐ во него и сѐ во зборот и околу нив заедно сѐ
гореше пеејќи - пееше горејќи...

Поетот, со врзопче луња во раката
кога тргна сам кон својата Голгота,
во мигот пред да пламне, во мигот
кога почувствува дека се пресоздава во збор,
одгатна некои гласови кои му го споменуваа името:
чесно дрво, света пепел, тој е оној кој
од својот мрак направи свое засолниште...

Оние скраја зборот му ја собраа пепелта
и му ја завиткаа во неговите свитоци
врз кои тој пресоздавајќи се во песна
- сам се запали: гореше бавно, на тих оган,
ја преповторуваше судбината на сите



што го знаеја.
Вљубен беше во умна земја, велеа,
се движеше побрзо од нејзината крв
и бидејќи знаеше дека крвта повикува крв
извикуваше: не недела - туку дела!

Некогаш, одново кога се врати низ потомствата
на зборот
тој виде: огнот од неговата песна уште гореше.
Свето дрво, велеа, никогаш не догорува,
и пеејќи ја неговата песна
ѝ додадоа само два свои збора: Алелуја... Алелуја...
а тој им одговараше од под земјата:
им благодарам на секое гранче и на секоја тревка
што ја носат мојата крв и низ постојано растење
ме продолжуваат.

## *ЖОЛТИОТ СЛАВЕЈ*

Момчето нацрта жолта птица
врз ѕидот на својата постела
и исчезна. Со години птицата
стоеше како маѓепсана
и загледана низ прозорец.
Еден ден птицата ја препозна
свирката на момчето,
ги рашири крилјата и - одлета
високо при него.
На ѕидот остана нејзината жолта сенка,

неговиот златен епитаф.



## *ЛОШАТА ЕДЕКВИЦА ВЕЌЕ ОДМИНА*

Лошата едеквица веќе одмина
и на овошките им заврза
златна петројажица
на летото му прати
жужлиња и жегалци
мене ми ја дари Неа
врзана за мене
како што се чипчи росата за тревата
пепелта за жарта
светлото за свеќата

догоруваме како невини составки
на лошата едеквица која веќе одмина

## *ЗБОРОВИТЕ ЈА НАПУШТААТ ПЕСНАТА*

Навистина, што доколку се случи
еден од зборовите на песнава
да се престори птица,
да полета а ти да не ја видиш?
И што доколку се случи друг збор
да се престори стебло на кое ќе слета птицата?

И навистина: со самата помисла тоа и се случи
еден по еден зборовите ја напуштија песната,



летаа што летаа и некаде квечерина сите слетаа
секој на свое стебло, секој на своја гранка.
Птиците само во недела утринум
сега навраќаат во оваа песна
како во молитвеник од кој се создадени
и се мачат одново да се преобличат во зборови:
тие убаво знаат дека меѓу сите птици
зборовите најдалеку долетуваат...

Младите зборови имаат право на грешка:
тие уште ништо не чуле
ниту за земјата ниту за небото ниту за сништата.

## САМОХАН

Најдолго од сѐ памети сонцето и по него - езерото:
сонцето има причини за своите заминувања и
враќања
езерото има свој начин да го прегрнува и љуби.

А јас?

Џел живот се будам и заспивам со тебе,
уште не сум те ни сретнал
а прстиве мои - те паметат.

Самохан...



## РАЗБОЈОТ НА МАЈКА МИ

Кој го врти кросното?
Кој ги разигрува твоите прсти
низ жиците на разбојот
како по харфа?
Кој го провира гласот на твојата песна
како нитка низ ништите?
Го влечеш и пак го враќаш вратилото,
удираш со него во ист ритам
со кој удира и срцето,
која е таа древна тајна
со исти знаци и на ист разбој
да го пишуваш потресното писмо
што му го пишуваше Агора на Аврам
дури талкаше тој низ пустината?

Времето уште не може да ја пречекори пустината
а ти веќе ја прескочи вратата на љубовта
отаде девет пустини скриена.

## *ЛУЃЕ ОД ЗБОР*

Во 1376 султанот Мурат I му вели
на императорот Јован V Палеолог:

Императоре, народот од нас очекува
човештина и љубов и ред
и уште чека да си останеме на зборот:
Јас веќе го ослепев син ми Савци:
со усвитено железо му го изгорев виделото.
Сега направи го и ти она
што го зеде за збор!

Веднаш по ова императорот на Византија,
човек од збор,
заповеда да му го донесат синот Андроник,
свари оцет со сол, го тури во златно бокалче
и самиот му ги посипа очите на сина си.

Очите на син му оттогаш
беа две зрнца суво грозје.



## *СВЕЌИТЕ ТУКА НИКОГАШ НЕ ГАСНАТ*

*(Х. Рајн, патописец низ Македонија)*

Чумата тука ви е во петиците,
во мислите и во пазувите,
во сѐ од кај што изгреваат до кај што заоѓаат
сонцето и месечината:
храброста во оваа земја е вообразен збор
зашто кај што не бие чума -
се вејат знамиња на јаничари и разбојници.
И дење и ноќе народот е во црквите
и само се крсти и само ги допира
кандилата пред светците
како да допира бесплоден ветар.
Храброста тука е вообразен збор:
луѓето гаснат - свеќите никогаш не гаснат.

## *БОЖЈИОТ ГРОБ*

Квечерина, спроти Воскресение,
по улиците околу Божјиот Гроб во Ерусалим
Бедуини - христијани, со кошница портокали
им делат на минувачите. Земете, молат тие, земете
од стеблата на овие портокали
јадел и Исус Бог.



Бијат камбаните, земаш портокал,
в раце држиш мало оладено сонце
во кое светкаат гласовите на пророците
и молитвите на нашите предци.
Стоиш во дворот на Божјиот Гроб
и уверен дека конечно треба да се случи
некое воскресение: цели два милениуми
небото си поигрува со надежите и во кривоклетство
потомства и потомства исчезнуваат
секое со својата Голгота во душата.

## *ПРВАТА КЛАДА ВО МАКЕДОНИЈА*

1.

Огнот доаѓа, првата клада доаѓа -
избезумени викаа и бегаа без да знаат каде
ветровите и птиците, стеблата и карпите,
добитокот и дивечот, гробовите и ѕвездите,
толпи народ се криеја под моријата
а моријата сосе утоки и сосе извори
летаа како птици, бегаа прогонети од врисоците:
огнот доаѓа, првата клада доаѓа...



2.

А Бог Господ со голема љубов
и со голема лутина и гнев
гледаше што се случува под него и извика:
што е тој страв, таа паника што ве фатила?
Огнот го создадов заради вас
за да ве очистува и препородува зашто
и вие самите сте составени од оган.
Не е оган однадвор да се гори
оган е да се изгори во себеси.
Што е тој страв, таа паника што ве фатила?

3.

И навистина: шеесеттите години по Исуса
Бог го испрати апостол Павле во Македонија
да ја запали првата клада.
И сѐ застана кај што се најде
да гледа апостол Павле како ја пали првата клада
и во оган како ги фрла - не луѓето
грешни или негрешни, верници или неверници,
и не црквите и не ветровите и птиците
туку зборот човеков и сите свитоци
во кои се криеше зборот, сите белези и знаци
кои ги проповедаше и претскажуваше зборот.

Бог Господ му заповеда на Павле
да го спепели сето наследство
зборот што го крие во себеси,
да изгорат и мислата и коските
што ги оставиле предците во зборот.



4.

И сите онемеа истиот час
слушајќи огнот како лази по коските на предците,
ужасот на црвената стихија како се искачува кон небесата
и сѐ она што уште не беше дојдено
како се пресоздава во минато.
Простор во очајот дај ни, о, Господи, молеше животот,
зашто ние немаме друго добро освен тебе
па обиди нѐ кога душа ќе ти посака
и искушај нѐ во сѐ но само во оган - не!

5.

Тогај фатија болести пеколни на душата
и луѓе од мракот покрив си направија свој
и ноќ тогај само со ноќ разговараше
Не плашете се, извика апостол Павле,
зборот а не човекот се погубува
зашто Бог не знае писмо и не умее да одгатне
што кажувате во вашите свитоци...

## *СКАЛИ ОД МЕТАФОРИ*

Благослови ги нашите соништа, о, Боже,
сосидај ни куќа на небото
за да бидеме поблиску до Тебе.
Му се помолија и Бог истиот час
им се одзва и почна да рее над нив.
- Подавајте ми тули, заповеда Тој,
и за час им сосида куќа.
- Подавајте ми греди, заповеда Тој,
и за час им ја покри куќата.
- А скали, прашаа тие, скали?
Како ќе се качуваме нагоре,
и како ќе се симнуваме на орање?



- Множете се, заповеда Тој,
слагајте ги едно над друго вашите тела,
направете високи ридови од нив
зашто јас немам голем опит
и не сум стигнал да направам скали
од метафори.
- А поетите, Господи, како се качуваат,
како стигнуваат сека ноќ до ѕвездите,
и како се симнуваат одново меѓу нас?
Барем колку нив не умееш?
- Да бев поет ќе ги спасував живите
рече Бог и легна да си отпочине
во дворот на куќата што им ја направи.
- Не плашете се, им рече, сега сте во мои раце
а тука материјал за метафори на поетите има многу.

## *ЕЛЕНИТЕ НА ДЕТСТВОТО*

Погледнуваш нагоре, се искачуваш,
- повисоко од тебе - куќата,
погледнуваш нагоре, се искачуваш на неа
- повисоко од тебе - стеблото,
погледнуваш нагоре, се искачуваш на него
- повисоко од тебе - карпите,
погледнуваш нагоре, се искачуваш на нив
- повисоко од тебе - ѕвездите...

Навреле по неколку ѕвезди на роговите
и се растрчале, се разиграле,
палавеат, светкаат над мене
белите елени на детството...

Ах, тие елени
повисоко и од ѕвездите
по кои залудно и со години
само `ржам и само лајам...



## *ОДМАЗДА*

Тоа мора да е некој божји знак:

ги поткопуваат планините, ги урипаат,
ги товараат на камиони, во вагони
и ги носат некаде

Група блокови камење на мрднува од место
се чипчи за земјата,
вришти и пишти,
бара правда:
што народ е ова;
нас, камењето и планините ќе нè доизгризе?

Ако се молиш за земја - нема таков закон,
ако се молиш за закон - нема таква земја,
закон е: прво ние неа
потоа земјата нас да нè јаде.

сами себеси да се јадеме...

## *ТИШИНАТА*

*На С. Бекеш*

Лежиш среде оваа тишина
и му се исповедаш на сѐ околу тебе
кое навидум молчи.
Те душка дивеч и те одминува,
мравка со зрнце леб на грбот
те полазува и те напушта,
уште малку врз тебе ќе врзе корен
и првото зеленилце.
Лежиш, значи, среде оваа тишина
и полека привикнуваш конечно да бидеш нешто.
Сето тоа воопшто не е тешко
и чекаш само лисје овенато да те покрие
... но тоа шушка...
Каква е таа тишина, молам,
кога и листот не пожолтува
без тоа да го почувствува целото стебло.
Но ти си друго. Ти си тишина
ти си под лисјето
*Твојош мајчин јазик е шишинаша*



## *ЕВОЛУЦИЈА*

По долго скитање низ невреме, низ луњи,
конечно се враќаш дома...
Но тоа не си ти. Тоа е
твојот предок од дамнините,
со копје в рака и мртов елен преку рамо,
се враќа во својата осаменичка пештера.

О, крви, обележана со ужасни знаци
низ кои скитникот осознава дека не е сам
и дека стихијата е негово продолжение.

## ЗБОРОТ

Врз истиот камен на кој седевме како деца
беше сум го издлабил нејзиното име и сум
заминал.
По многу години одново кога наминав тука
ја видов неа како се покажува од зборот
како излегува од светиот јазик на детските тајни
како се поткрева во истата блуза, во белите
сандалки!
Јас се крстам - таа под тој ист крст застанува
и ми го глаголи името.

Не играјте си со зборот, реков,
нема оган што може да го изгори,
нема време што може да го зароби.



## ЗЕМЈАТА ИЗРАМНУВА СЀ

За да не сум сам - се наведнувам
и поземам обично камче. Го гледам,
го зачистувам, помислувам: тоа некогаш
ќе биде или под твоите стапала
или во твоите раце. Сеедно:
моите прсти ги допираат неговите остри
врвчиња, подзаоблени само во делот
со кој лежело в земи:
земјата одлично ги израмнува нештата...
Ги мазни, ги поткршува врвчињата кои стрчат
и дури си играм јас со камчето,
дури го превртувам в раце -
тоа ми се скрило меѓу прстиве и молчи.

Го слушам јас својот студен молк утре
долу, под твоите стапала, или, можеби,
дури ме превртуваш во твоите раце:
бело, црвеникаво или сино камче
скриено меѓу твоите прсти. Мазно:

земјата одлично ги израмнува нештата.

## *ДУКАК ПРОШЕТА ОКОЛУ СИНАГОГАТА*

Дукак прошета околу синагогата,
ја разгледа убаво, му се допадна многу
и во исто време го слушна гласот божји:
„Сам сум во студовите божји, о Дукак...“

- Што ќе кажете ако заповедам
да ви ги отсечам главите
и да ве изгорат? - праша Дукак.

- Ништо не велиме, милости, твои
робови сме, - рекоа оние што беа
дојдени на молитва.



- Ако го најдете копјето на Месијата -
ќе се спасите. Или ако пуштите две
морињa да течат и одново да се состават
- пак ќе бидете спасени.

- Ако го најдеме копјето прво ќе го
целиваме пред да ти го дадеме и
три морињa ќе пуштиме да течат
и пак
да се состават ако благослови оној
во кој веруваме.

- Вие верувате во своето а не во
моето, рече Дукак и продолжи: ако

не го најдете копјето на Месијата
и ако не пуштите две моришја да течат
и пак да се состават - чувајте се од
огнот: негов пламен ќе бидете вие и
камењето околу вас.

И го бараа со денови ноќи копјето на Месијата,
до што е збор пребараа и до што е зрно песок
превртија во пустината а кога не го најдоа:

- Го нема, твоја милости.
Копјето е во рацете на Бога.

- Во рацете мои е копјето - замавта Дукак



И за да ги спаси од робувањето
заповеда да им ги отсечат главите
а потоа и да ги спалат. И ги спалија.
Така Дукак прати Богу две илјади души
за да не биде сам во небесата. И заповеда
нова синагога да се построи и со нови
луѓе да се исполни:

- Множете се, им рече Дукак на живите
и дојдете потоа на молитва, зашто
бесконечни
се небесата божји и зашто Бог сега
е уште поосамен.



## СОЗДАВАЊЕТО

Гулабица полета од духот на Создателот
направи круг околу семирот
и го пораби со светлина.
Така, a nihilo го создаде првиот збор
а по него и времето. Зборот беше
зелен и распеан и правеше
тревата да расте, добитокот да раѓа,
дрвјата да се искачуваат кон сонцето,
небото да пее - птиците да светат.

Сега стојам сам спроти мојот збор
и го гледам: расте сневеселен и тајновит
и со иста боја како и голубицата на Создателот.





## МОЈОТ ТАТКО

Откако засекогаш тој излезе од својата куќа -
веднаш по него и куќата отпатува со него:
темелите, столбовите, скалите, покривот,
тргнаа по неговите траги и исчезнаа.
Куќата беше составена од неговиот глас,
од неговото чисто шамиче,
од неговиот поглед и неговиот ôд,
и јасно беше дека не можеше да се случи
тој да замине - куќата да остане!
Денес, само ние, неговите деца
можеме да го одгатнеме тоа чудо:
на среќниот мој татко куќата му беше
единствена црква во која тој се молеше
и целото наследство што ни го остави
е сјајот во неговите очи дури се крстеше
и ја глаголеше молитвата на трпезата.

Не можеше да се случи:
ангелот да замине - црквата да остане...

## *ПЛОДОВИТЕ И ЗБОРОВИТЕ*

Нашите татковци беа излезени од нивјето
и од македонскиот јазик,
со оцет и молитви ја бришеа потта од челото
и со снопови под мишка
се нишаа од лето до лето.
Туѓите зборови ги врзуваа во алови крпчиња
- своите ги криеја како најголемо богатство:
нив ги сметаа подарок од божјото провидение.
Затоа секој нивни збор
беше и сина птица и златен штит...
Јадеа солена лобода и беа како деца:
постојано сакаа нешто ново да им се кажува
за Обединета Македонија и веднаш потоа
се лутеа: во големи суши не се зборува,
велеа тие: Во големи суши не се зборува!
Место луѓето плодовите треба да зборуваат...

А сите знаеја: плодовите и зборовите
од еден ист корен излегоа...



## *Д-р ДАВИДОВ*

„Кога ќе ме запрашаат што правам
или ќе ми префрлат што сум направил
јас тогаш се замислувам и велам:
бдеев и бдеам, со овие слушалки
го слушам и она кое вие не можете
да го чуете:

духот на живите го слушам,
гревот на мачениците
проникнати отаде крстот,
цел век счутам над животот
- цел век животот ме счути.

Но, вие што направивте?
Живи сте а не знаете кој ве дочува!“

## *СПОРЕД ДУКАДИНИ*

Добро ми дојдовте пријатели или
душмани мои
во мојов дом кој е и ваш дом
добро ми дојдовте и наздравје да ви е водата
што ја пиете од мојот `рвеник кој сега е и ваш
и на здравје да ви е и лебот
од нивјето мои кои сега се и ваши
и со радости да шетате и да се изнагледате
и на мојот двор кој сега е и ваш
и ви благодарам што не ги допирате камењето
на меѓите мои зашто тие се коски
што ми се оставени да ги чувам.
Не допирајте ги и не помрднувајте ги



камењето на меѓите мои
зашто ако ги поместите - како да сте ги
расфрлале коските на покојниците од родот мој,
обесчестен би бил тој а обесчестениот е мртов.
Но погледнете на овие две стебла во дворот
едното стебло - стебло на крвта, стебло крваво,
другото стебло - стебло на млекото, стебло млечно,
едното дури крвави - другото потомства задојува
затоа крвта наша никогаш не застарува.

На илјади клади да ме фрлите да горам,
на илјади огнови - илјади грутки пепел
да се престорам:
ниту ќе земеме туѓо - ниту ќе дадеме свое,
пријатели мои или душмани мои

- добро ми дојдовте во мојот дом кој е и ваш дом.



## ПРИЧЕСНА

Притаен, само низ еден замислен целов,
го заклучувам целото твое битие во мене
и сега сум тоа велебно море по кое копнеев:
и осека и плима и месечина
која го позема гласот на твојот славеј
и го покрива со белата коприна
на мојот замислен целов...
Причестиме барем во соништата само

со тајната магија на твоето враќање.
И пак исчезни.





## СВИРКАТА САМА ЌЕ ЗАСВИРИ

Низ потомства, како божји спомен,
допрена на полица над огништето
стои една свирка и сè помети.
И има мигови кога во голем порив,
вдахновена од некои свои сеќавања,
свирката сама да засвири,
да скрцкаат и гредите и скалите,
да се затресе чардакот...
И, осамен тогај во дедовиот дом,
да поверуваш дека вечноста
никогаш немала деца
и дека по твој двор шеташ како на месечина

Ах, сега од некаде кога би светнал
гласот на строгиот учител,
гласот на твојот дедо
кој те успивал со свирката
а ти од големи радости,
за голем срам,
си го подмочувал...

## *ЌЕ МЕ НАЈДЕШ*

Би можел јас и сосем да се осамам,
да бидам еден кој заборавил да чита,
да гледа, да слуша,
да изумам и да ме изуми сè,
да се престорам камена плоча
но ти и под плочата ќе ме најдеш зашто

заклучена си и во моето исчезнување.



## *ВЕТЕРОТ И СМРТТА*

Стариот златар од крајот на нашата улица
созида ограда околу својот дом. Со месеци
одбираше мазно камење по реките,
надонесе купишта во дворот, го созида,
го натокми ѕидот и полека почна да ја везе
шарата со металот. Почна да се распознаваат
стилизирани обетки со цвеќенца, со плодови,
со крстови. Стариот мајстор убаво знаеше
дека и Исус носел обетки и она што го правеше
на оградата го правеше според привидот
на неговите обетки. Така тој го искова
својот најубав орнамент. И гледавме потоа
квечерина во дворот како ги полева цветовите:
од радост тогај прво се занишуваа
обетките на оградата а потоа се слушаше
и глас на жена што надоаѓаше од далеку,
отаде ѕвездите. И отпатува потоа стариот златар
по трагите на тој глас и остана само таа
Витменовска ограда
*низ која сега се провираат само ветерот*
*и смртта...*



## *ОДНОВО ДА НАВРАТИШ ТУКА*

Одново да навратиш тука,
да препознаеш едно старо стебло,
да го прегрнеш, да замижиш,
да ја погалиш неговата кора,
врз дланката тогај ќе се втисне
живиот препис на твоето име
некогаш што си го издлабил врз кората.
Доколку подолго останеш тука
во свеста ти ќе го допреш и ножето
забодено и заборавено веќе





но силно да стори нешто со тебе
уште потрајно од споменот оставен
врз стеблото.

Тоа би била таа света казна
што би те снашла
и не поради бодежот што си му го нанел
туку поради осамата во која
пресвиснало чекајќи те стеблото.
Така тоа ќе те врзе крај себе
така тоа ќе те пресоздаде во свето стебло
кое да им биде календар на светлините
и жив епитаф на заборавот.

## *ВОЛКОТ НА ДЕТСТВОТО*

Вполноќи се буди волкот во крвта,
кружи околу осаменото стебло
никнато во оваа песна и саноќ завива:

о - у- у- у... О - у - у - у...

Се крие подмолно меѓу овие редови,
демне и разјарен се загледува во ѕвездите,
се мачи да ги открие трагите што ги оставило
некогаш детето во нив и само завива:

о - у - у - у... О - у - у - у...

Ќе почека уште малку, ќе прошета низ песната,



и некаде пред зори, со раскрвавени ѕвезди меѓу
забите
одново се враќа во топлите дувла на моите
жили:

о - у - у - у... О - у - у - у...

Гледа детето во сето тоа,
го распознава својот скаменет глас во студот,
ги слуша морничавите химни на стравот
и покриено преку глава в постела
детето го буди волкот - волкот го бара детето,
дотрчува од ридовите, штрака со забите
и саноќ завива:

о - у - у - у... О - у - у - у...

Ти си волкот вистински!
Го надживеа оној со ѕвезди меѓу забите...



## *КУЌА*

Секој на земјата:
кој на стари - кој на нови темели
си направи куќа,
ѝ се радува, ја благослови...

Јас се искачив на највисоките врвои
на планината од детството
и се загледав нагоре, во небесата:
таму, во нив, сосем осамен
соѕидав дом, широк и топол,
со многу врати, со прозорци на сите страни,
ништо не фрла сенка на мојот дом,
стеблата во дворот расцутени
со илјадници ѕвезди место плодови на гранките...





Седам спокоен на чардакот во мојот дом
и гледам: илјадници птици со крилца
од македонски зборови, со сонца во клунчињата,
ја напуштаат Азија, надлетуваат векови
и мориња, застануваат на оградата спроти мене,
што си се заградил, ме прашуваат,
на наша совест не лежи ниту педа туѓа земја,
биди птица, велат, кој друг освен нас
ќе тропне на вратите од твојот дом?

Ги слушам птиците,
ја слушам низ нив крвта на својот народ:
глас кој доаѓа од дамнините и поучува

како да не се раздевиш...

## *НАСЛЕДСТВО*

Птица
во чиј отклик
се распознава родниот крај:



- љубовта...

Единствено наше наследство
што им го оставаме
на потомствата.

## *ОСЕТ ЗА ЗБОРОВИТЕ*

*(На Вислава Шимборска)*

Чукам на вратата на каменот:
- јас сум, пушти ме.
Ништо нема да изнесам од тебе
освен зборовите на кои
никој нема да им поверува.
- Нема да влезеш, - вели каменот,
ти недостасува осет за зборовите...

Чукам на вратата на каменот:
- јас сум, пушти ме,
кога ќе замолчи човекот
се слуша гласот на каменот. Пушти ме.

Влегувам. Книгите на пророците затворени,
гласот нивни скаменет
но писмото нивно се чита.

Се искачувам од буква на буква,
влегувам од послание во послание,
препишувам свиток - два,
се завиткувам во нив



и во недостиг на осет за зборовите
се спалувам. Горам. Се скаменувам.

Спроти мене: висока камбанарија
- најдолгото копје на мојот народ.

А - да - ме... А - да - ме...

А - да - ме... А - да - ме...

На колена, скаменета од божји целов,
слуша Ева како надоаѓа народ и пее:
сите божји деца одат во пустина...

Во бела наметка, на градите со амулет
низ кој тече Еуфрат
Ева му пее на усвитениот залез

од кој се топи фрлениот меч
пред нејзините нозе и сам се кове
во потковици за коњот на кој
некаде од пустината ќе дотрча Адам...

А - да - ме... А - да - ме...



## *СВИРКАТА НА МАЈО*

Никогаш не сте ја чуле свирката на Мајо?
Не сте чуле ниедна негова езгија?
Не сте го виделе на ниедна свадба?

- Секое дупче на неговата свирка
- гнездо полно славејчиња...

Во недела, пред да се венчаат младите,
Мајо оди на гробишта
да ги покани и мртвите на свадба;





тогај се корнат стеблата, се поткреваат
карпите,
мртвите стануваат да го слушаат,
земјата престанува да расте...

Си отиде Мајо: во црвен минтан - во црно ќепе...

Не берете гороцвет на мијачка земја,
не прекинувајте ја свирката!
Сега сонцето е само бледа свеќа за неговата
свирка.



## *ПЛАНИНА, ГОЛЕМА СВЕТЛОСНА ПОПЛАВА*

Планина, голема светлосна поплава,
свето цвеќе, свето билје, света клетва,
огнен потоп од свети бои,

- ноќем, никогаш не си останал сам в планина?

Исушен град на свети коски,
камењар од пророци и ребра,
големо, крваво око на див пастув,

- ноќем, никогаш не си останал сам в планина?

Раскопај со копјето, отпретај долга коска,
направи свирка, запали оган, запеј,
гласот сам ќе се запише врз пламенот,





- ноќем, никогаш не си останал сам в планина?

Фрли птица нека откликнува низ ноќта да не бидеш
сам,
под трагите на скаменетите копита откопај
го белиот коњ,
одврзи го, пушти го, сам по трагите ќе се врати
во Азија,

- ноќем, никогаш не си останал сам в планина?

Откако стори сè, откако го запиша својот глас
врз пламенот,
ти залудно се присетуваш дека писмото е земска
работа и дека
Бог не знае писмо. Денот, значи,

ќе го избрише писмото на проколнатикот
и одново, исконски осамена,
ќе се сеќава на неговиот глас...

## *НИКАКВА ТАЈНА*

Летем, седнат во дворот на татковиот дом,
во жарот на усвитениот залез гледам
ковачи
како го клепаат металот од кој се обликува
сач
за погачата што ја меси мајка.
Пред тебе - зад тебе некое славејче,



ту откликнало, ту прнало
и пак долетало и пак запеало...
И веќе се смрачува. И ми загатнува,
невиното:
стани, појди, запали им свешта
на предците,
тие цел живот го ѕидаа твојот дом.

Никаква тајна:
писмо напишано со нашите идни зборови...

## *О, ИСТОРИЈО...*

Кога го спомнам твоето име, о, историјо,
отелотворен и продолжен лежи правот
в коски,
и неопходен станува како надежта, како и мирот.
Во мигови на светлина, кога сме сосем сами,
осознаваме дека нашиот Бог не е како другите
и не лежел со нашите мајки; не нè смета за негови
синови.
Затоа тука ближни ништат ближни свои
и шестата заповест божја тука не постои.

Со одломка сонце открадната во сонот
одиме и ги бараме трагите на предците
но одново по патиштата го среќаваме бога,
о, историјо,
и залудно го прашуваме зошто не стои
на зборот
и нас да нè чува другите како што ги чува?



Се потсмева тој, нè успокојува и одговор место
него
ни даваш ти: не бојте се, велиш,
Бог не е сојузник само за еден век.

Илјадници горди момчиња низ вековите
кои сонувале да ги допрат твоите тајни, о,
историјо,
ги фрлиле своите мечови и го избрале
распетието
верувајќи дека Исус е вооплотен во нив! Невино:
точно со фрлените мечови ближни нивни
стражареле покрај крстовите на кои биле
распнати
сè дури не се скамениле на нив! Храбро
смртта ја избрале за свој јазик во татковината!

Сега стравотен крик се чуе: што да прават,
кај да одат каменот и во каменот коските
на момчињата?
На птиците им е лесно: ним небото им е татковина!

## *МОМЧЕ СО ЦВЕЌЕ НА ЗБОРОВИТЕ*

*На Радован Павловски*

Мртвите воини копнеат по своите живи
другари
но - молчат. Стеблото можете да го исечете,
да се спепели може тоа од гром, но никогаш
нема да се помрдне ни чекор од земјата
- камо ли да проговори!

Тој сето тоа го гледа! Тој сето тоа го знае!
Заклучува дека зборовите летаат, гинат, плачат
- но не се множат и затоа верува



дека тие се подолговечни од нештата
што ги именуваат.

И сеедно што зборови му го движеа телото
- тој боледуваше од јазична суша.
Го викаа: младич со цвеќе на зборовите...
И бидејќи тој ги населуваше зборовите а не земјата
- луѓето одеа со саксии зад него,

ги собираа неговите зборови
и ги полеваа со вода.
Подоцна никнуваа светови во кои
сама сушата
го вееше знамето на својата погибија.

## *МЕЧОТ ОБЕСЕН НАД ПОСТЕЛАТА*

Мечот обесен над постелата на мојот дедо
потемна, изгоре од тага.

Кога би можел да го напушти ѕидот,
одново да прошета по степите,
низ битките,
кога би можел одново
да ги чуе криковите на ордите
и со својот сјај под сонцето на Азија
да ја потпише нивната крв...

Копнее тој да се врати
во рацете на своите предци
- и тогај сè поинаку би било...



## *СМИСЛАТА НА ПРВИОТ РЕД*

Едни ние само̀, о Господи,
можеме да им бидеме сведоци
на сите твои страдања
дури си го создавал првиот ред,
кога си ги вкрстил рацете со стихијата,
непостојното дури си го осмислувал
во постојно,
мислата дури си ја разложувал
на смисла и бесмисла, на јазик и земја.

Твојата залудна победа над стихијата, значи,
можеме да ја сфатиме само ние
кои како и Ти - не се населивме на земјата:
Ти го одбра небото - ние јазикот!
Населени во неговата стихија
ние одлично знаеме
што значи првиот ред
- смислата на последниот не ја сфаќаме.

## *РОДЕНДЕН*

Утрото, на Духови, на мојот роденден,
се отвори првата пупка роза во мојот
двор.
Ти благодарам, о Боже, за овој подарок,
за ова небесносина боја
позајмена од твојот празник!
Само на Исус, само на тоа момче
му прилега оваа роза
да ја носи на своите ревери.



## *АНА МАРГОЛИН*

Историја? Рековте - историја?

Како млада сте го слушале вашиот пријател
Сократ,
долж Еуфрат сте шепотеле со Александар
Македонски,
Потоа дошол Цезар со неговите сјајни мермери
иками,
опиени сте чуле нешто и за слабичот од Назарет
и за подвизите на Евреите...
Денес сте се искачиле на урнатините на Троја
да гледате мртвите колку се посилни од живите
и сте останале возбудени:
дошол од некаде осамен старец во бела наметка,
се поклонил и ја бакнал плочата врз која пишувало:
Ана Марголин! Можно ли е тоа?
Историја? Рековте - историја?

## *11 АЕТИ И ЕДЕН ДОПОЛНИТЕЛЕН*

*- На моите пријатели од БиХ*

Жими коњите кои фрчат и кои палат искри
под копитата
– чувајте се од оган на кој горат луѓето
и камењето!
Ако пак не – ќе ја изгаснам светлината
во Куранот,
по темница ќе ги искорнам сите аети во него,
ќе го завиткам во нив своето дете и ќе
го запалам,
Не давам јас туѓ меч да го допре него!
Заклано од мене нека влезе како нов маченик
во светите книги
а јас на срцево ќе ставам Каинов печат
убаво нека се знае: како Авел, синот Адамов и Евин,
и јас страдав од чесните страни на својата судбина
и знаејќи дека ѕвездите се создаваат од правта
човечка

- еве ја мојата жртва!
Еве сум под вашиот меч!



## *БЕЗИМЕНО*

Многу невини нешта
Бог сѐ уште не ги осмислил во зборови
туку ги скрил во нашата душа,
во нашата крв, и недопрени тие
уште од зорите на детството
дури сега се покажуваат:
миризба од првата угорена фурна во дворот,
дрвена лопата која го позема лебот,
ленено цедило со кое Мајка ги покрива сомуните,
жешкото крајшниче во раката на детето...

Чесниот ракопис на топлиот леб
што можат да го одгатнат само децата
прилега на нешто што би се добило
од вкрстување на птица со флејта:

- нешто сѐ уште безимено.



## УБАВ СОН ТИ ВИДЕЛА МАЈКА

На сон ти видов како ти долетаа
две ластовици и два гулаба
и река бистра ти видов. Тоа е добро,
тоа е многу добро:
заврзи јазол со конец од двојни ништи,
застани спроти сонцето кога изгрева
за сенката твоја морето да го прескочи,
кога зајдува сонцето со него тргни
под море за да преноќиш
и болеста ќе остане сама.
Земи на лесково прачe да решкаш знаци
колку што се изнагледа ѕвезди
и секое утро бриши по една решка.
Само бележи и само бриши.
Ќе се споулави болеста,
како костен ќе препукне,
не бој се,

убав сон ти видела Мајка.





## ЧЕМРЕЕЊЕ

Само молчиме, само се гледаме
и само се препишуваме:
сами себеси не можеме да си помогнеме
а камоли едниот на другиот.
Ти наваму - јас натаму. Јас натаму - ти наваму,
и Исус Бог тука не може ништо да стори
зашто тој само грешните ги спасува.
Запре секаде нашата крв
и сега веќе видливо се сушат
прво нашите гранки, по нив нашето стебло,
и, не дај Боже, - и нашиот корен.
Недостојни за чистиот оган,
не знаејќи што да сториме
- само молчиме, само се гледаме,
понизно чемрееме место да изгориме...

## *НИКОЈ НЕ СМЕ ТАТКОВИНА*

*Х. Л. Борхес: „... Никој не сме татковина.“*

Си играат, се шлапкаат на брегот на езерото
дечиња со голи газиња, со вцрвенети носиња,
сонцето ја благослови нивната невиност,
езерото ги собира нивните гласови,
и со нив, како со таен клуч, ги отвора
светите одаи на надежта...
О деца, о, позлатени копии на соништата
на вашите предци, нивно живо знаме,
нивна харфа и нивни меч,
сонувам вашите гласови да бидат гласови
на исти радости и на исти страдања,
зашто: *никој не сме татковина, но сите ние сме тоа*
*нека гори во моите гради, и во вашите, постојано*
*овој чист загаден оган...*
о, потомства, во летна ноќ кога ќе ги довикувате
ѕвездите на нашите предци, кога ќе нè воспевате...



## *ЅВЕР НА ЅВЕР ЌЕ МУ ГО ПОЗЕМЕ ЗБОРОТ*

Ноќва, во овие студови, во овој сињак,
ѕвер на ѕвер ќе му го поземе зборот,
ќе му проговори. А ти?

На првиот довик на ѕверот
исконска тајна ќе ја здружи стихијата,
ќе наскока дивината од дувлата,
ќе се поткрене целата планина
сосе гранки и сосе корења
и сè заедно ќе почне да ржи, да завива, да корне
за да го охрабри ѕверот во неволја.

Ноќва, во овие студови, во овој јасник
ѕвер на ѕвер ќе му го поземе зборот,
ќе му проговори. А ти?
Ти само молчиш а јас стојам спроти тебе
како Мојсеј спроти Ветената Земја.



## *ТАЈНО ПИСМО*

Тој добро знаеше дека водата е трајна,
времето нејзино и времето негово
дека е исто време. И не Бог отаде ридовите
и отаде небесата, туку неговиот сопствен Бог
скриен во него, го поучил: раскопај браздичка,
издлаби дрвено коритце, созидај го во камарка,
пушти го изворчето нека се преточува
капка по капка нека истечува водата
и одново нека се враќа по истите патеки
по кои самиот копнееше и гореше,
направи чешмичка, направи си верен препис
на душата. Некој некогаш
ќе намине тука, ќе те побара во мракот,
ќе голтне капка - две,
ќе го прочита твоето тајно писмо.





## *МОНАХОТ ОД „СВЕТИ НАУМ“*

Седнат под манастирот на езерото
со праче тој запиша нешто на песокот,
премести некоја голема тежина
од душата врз земјата,
стана потоа,
стапна врз запишаното,
триеше долго со ногата, со рацете,
сè дури сосем не исчезнаа
сите знаци што ги запиша:
Напиша Марија но не ги знаеше буквите
за да напише и Света.

Стана тогај и тргна да се засолни
во својата молитва.

Знаеше тој: и Исус не напиша ништо...

## *ПРОВИДЕНИЕ*

Како се случило тоа, зошто се случило тоа
далеку во дамнините
да се прекине врската со природата
која била основа на сè?
Ние тогаш не сме знаеле за зборот
па сепак сме се разбирале со сè околу нас:
со тревките и со ѕверовите,
со стеблата и со ѕвездите,
со ветровите и со морињата?
Која е таа длабока причина
која го прекинала нашиот вонсетилен говор
со вселената и нè населила во зборот?

Тоа е истото провидение и тајна
поради која еден ден и стеблото
ќе докаже самото дека е создадено од зборови.
Еден ден тоа ќе се реши
да го прекине своето молчење:
ќе ви ја подаде раката и ќе ви рече

целивај ја раката што е постара од твојата.



## *ПЛАСТОВИ*

Стојам загледан во одронетиот брег;
убаво распознатливи пластови
во кои се наталожени милиони години,
секој пласт - дневник на безброј поколенија.
Си мислам: откако постои раката
на ова место сонувале луѓе и гледале
реката како влече густи наноси мил
и како го пласти милот едно врз друго
- како годови врз дабово стебло.
Дали според бојата, дали според друго,
пластовите убаво се делат еден од друг
и како свети знаци потсетуваат
како се делеле време од време
и човек од човека како се делел.

## *ТАТКО МИ*

Ѕвездата негова сека ноќ ме лае.
Се будам и со свеќа го барам
насекаде низ куќи, по дворови.
Каде си? Гласот ти го слушам
очи не ти гледам. Каде си?

Остарев а ѕвездата негова сека ноќ ме лае
не се чудам кај да го најдам
се чудам зошто ме бара...



## *КАПАДОКИЈА*

Морето кое веќе пресушило и реките
кои секнале
се единствените сведоци на големите преселби
на зборовите низ неизвесноста.

Дури го препишувам пустошот кој ме опколува
врз мојата ленена кошула - отсјај на фригиски
вокали
прогонети од Македонија.

Сега секој мој збор е со молитвеник в раце:
или успокој ги, господи, или исцели им го гласот
вопијушт на оние кои лежат расфрлани

далеку од нивните татковини.

## *ТАА*

Како волшебник, како божица,
ја искачуваш планината,
седнуваш крај мене на тревата
без да те забележам
и без прашање влегуваш во песната.
Ноќе низ неа го слушам твојот глас
презаситен со тага: можам без бога
- не можам без живот...

Има песни од кои се раѓаат деца.



## *ОЅВЕЗДЕНИ ЗБОРОВИ*

Три збора неопходни за да се напише песна:

- едниот тајна. Него никогаш, никаде
и никој нема да го осознае;
- другиот несоодветен за да го одрази значењето и
- третиот: оган кој влегува во сите прашања
и пустоши низ нив.

Во таква песна влетува птица и се чуди:
песната одлетала - зборовите оѕвездиле.



## ИГРА

Оп... Оп... Оп... во бели сандалчиња.
Оп... Оп... Оп... во бели чорапчиња.
Оп... Оп... Оп... скока девојчето,
се испотило невиното,
го прескака канапчето,
се одлепува од земјата и глеј -
еден миг останува во воздухот...

Го гледам тој миг,
преплашен го гледам девојчето:
сè што се обиде да се подизвиши
и да му се доближи на Бога - исчезна!
Сè - освен зборот!

Затоа тој миг го оковав во бели зборови,
во вечни синџири...





## РАСФРЛАНИ ПЛОЧИ

Се сеќавате ли на перачката
со запрегната кошула,
со вцрвенети коленици?

Сè што имаше да каже таа го кажуваше
вооплотувајќи се во нештата.
Не оставаше зборовите да се скаменуваат
на хартија, да исчезнуваат во воздухот,
таа тоа го сметаше за божји грев.
Овие расфрлани плочи покрај реката
на кои таа ги постилаше алиштата да се сушат
се едно од тие нејзини писма
кои јас сега лесно ги одгатнувам.

Има мигови во едно летно попладне
што туку не почнало да глаголи ова камење
на ист глас и со иста мисла како мајка ми.



## *ЗЕМЈАТА И ТИ*

Кога ќе зачекориш низ македонскиот јазик
земјата сè повеќе прилега на тебе
ти - на неа.

Ти ја читаш - таа те пишува:
слово
во книгата на заборавот.





## *АТАВИЗАМ*

Од каде тој атавизам, тој страв во тебе
ноќе сам дури минуваш низ шумата?
Погледај ги стеблата:
зар тие не се поинакви од оние
кои никогаш не си ги ни погледал?

Како никогаш веќе дека нема да се видиш себеси...



## ПРСТИВЕ МОИ ТЕ ПАМЕТАТ

Ти си мојот грев и мојата Света Недела.
Не ми треба никаков призрак,
никаква светлина не ми треба:
твојот глас невин и небесносин
светка и ми го осветлува мракот
и ми ја продолжува мислата

и прстиве мои те паметат.





## НИЕДЕН ЗАЛЕЗ НЕ ГО ПАМЕТИ

Неговиот век трае само еден изгрев
и ниеден залез него не го памети.

Напуштајќи ги врвовите на Гвајана,
низ неизвесен пат по Амазон и океаните,
млад ветар населил прашинка од цветот
Portulaxa grandifora и во нашиот двор
и според несфатливи закони
го населил тука кај што
неговата судбина до совршенство
се совпаѓа со судбината на земјата:

цветот се населил и не знаејќи дека
во Македонија најкусо од се - трае животот.

## *ТОЈ ТУКА ЛЕЖИ*

Не оној што го повел народот
кон Ветената земја
туку оној што нè изведе нас,
неколку браќа и сестри,
учејќи нè да се откриваме
од една во друга пустина на душата.

Тој тука лежи: нашиот татко,
препис на планината,
обезсловена стихија,
тој, на кој единствена црква
му бевме ние - децата негови...



## *ГРЕВОТ НА НАДЕЖТА*

Рекоа деканоќва нема да зајде месечината,
ќе прескокнеш, значи, од една светлина
во друга,
ќе премостиш, значи, уште еден мрак
и ќе поверуваш дека тој те одминал
и неговиот црн срп дека никогаш
нема да ожнее во твоите синори...

Ах, тој невин грев на надежта...

## ПОРТРЕТОТ

*На Коле Манев*

Со денови одев во домот на сликарот
и кога беше готово сè тој ми предочи
дека платното не смее да се допира
сè дури сосем не се досуши бојата.
Го зедов в раце својот портрет,
го однесов дома, го закачив на ѕидот,
се погледнав и реков:
сега има време да се сушиш колку сакаш,
да се тенчиш како лист,
да се спепелуваш без оган,
да бледнееш до последните траги
на сеќавањето...



## КРШТЕВКА

Го крштеваме внучето во „Света Петка“
и уште не можам да одгатнам што
е повисоко:
небото, ка̀мбаната или пак плачот и солзите нѐгови
што светкаа врз златниот крст на Византија.

Како низ порти на големи епови
детето влегува во молитвата, се заслушува
и почнува да се крие меѓу топлите македонски
вокали
и божјите заповести. Почувствувало, невиното,
дека така ги крштавале и апостолите
и дека и Исус отпрво бил мал
и дури отпосле почнал да расте
низ вековите. Така тоа, слушајќи
својата судбина им ја подарува на оние
кои го љубат зборот.

Го допира крстот со рачињата
и како од најголем студ потреперува:
но мама е тука -
таа има божји оган и штит од сите студо̀ви!



## *ПОКРАЈ РЕКАТА*

Сосем сам
седна на камен покрај реката.

Не зборувај му рече реката
птиците го разбираат јазикот
на осамениот човек
ќе ти го открадnат зборот
ќе полетаат и ќе те ѕвездат.

Само молчи.
Биди убав камен на каменот.





## *ЧОВЕЧКИТЕ ПАТИШТА*

*На Јехуда Амихај*

Го рамнеа ридот. Дењем ги сечеа стеблата
и ги носеа во своите дворови
- ноќем стеблата
сами им се враќаа на нивните корени
и се исправаа како ништо да не се случило.
Одново ги кутнуваа и одново стеблата се враќаа.
Само на местото на засекот останаа лузни
врз кои се читаше: о, луѓе,
дури откако ќе се пресоздадете во стебла
ќе осознаете дека
спротивно на патиштата на провидението
- вашите патишта се достижни и кратки.

# *БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ*

***Анте Поповски*** *е роден на 3 јуни 1931 година во Лазарополе. Автор е на следниве книги поезија:* ***Одблесоци, Вардар, Непокор, Камена, Тајнопис, Љубопис, Сина песна*** *и* ***Ненасловена.***

*Застапуван е во бројни антологии на македонската и југословенската поезија. Застапен е и во* ***Антологијата на светската поезија*** *издадена во Грција, подготвена од Рита Буми Папа.*

*Со посебни избори од неговата поезија е преведуван на албански, англиски, германски, грчки, италијански, романски, руски, словенечки, српски, турски, хинду и хрватски јазик.*

*Добитник е на најугледни македонски книжевни награди и признанија*



# СОДРЖИНА


Мојата сина птица 5
Каде би се умирало 6
Храмовите во Теба 7
Епитаф 8
Една наврната птица 9
Иста религија 10
човек. Птица... 11
Живи луѓе 12
Релации 13
Далечини 14
Заборав 15
Идеја 16
Побожни птици 17
На Свети Никола, Битола 1991 18
Цезар и мајка му 19
Девојки, момци 20
Триумфални порти 21
Непрочитано писмо 22
Длаби ѕвездата 23
Го паметам јас тоа оро 24
Географска карта 26
Сретсело 28
Школски клупи 29
Не допирај се 30
Од сина тишина зборови 31
Како те викаат? 32
Огновите 33
Јуда 34
Сончогледите 35

Стракче. Чиниче. Птица. 36
Обично попладне 37
Ветрот ја листа изгорената книга на летото 38
Заради вас а не заради бога 40
Крваво писмо 41
Императорот Хадријан во Ерусалим, 118 год. 42
Птицата... птицата... 44
Грутка вокали 45
Мирјани на зборот 46
За мајката на Владимир Холан 48
Стихија 50
Археологија 54
Крвави слогови ѕвезди 55
Крвавик 56
Олимпија и Клеопатра 57
Грев 58
Одмаздник 59
Овие расфрлани плочи 60
Привидение 62
Студови 63
Месечина 64
Опит 65
Кафези за птици 66
Трите жени и Александар Македонски 68
IIбалканска војна 1913 70
И кога доаѓаме и кога ја напуштаме 71
Споменик 72
А мојот живот останува 73
Смил 74





Христос воскресе 76
Множење на сонцето 78
Сè друго надежта ќе го стори 80
Каде се? 81
Ковчеже драгоцености 82
Крвавата луна 84
Умно стебло 86
Последната повелба на Хадријан 88
Заедно со летото лежиме во родниот крај 92
Тие малечки нешта околу нас 94
Музички проблем 98
Пее внучето 99
Кога го делеа Исуса 100
Покрај Мртвото Море 101
Зборот 102
Солза 103
Војниците мразат преживеани 104
Цел живот чекаше таа некого 106
Бубалка 107
Коледе 108
Погибел 109
Рака за рака 110
Варијации 112
Камен крвавик 114
Мелбурн. Воскресение 115
Чемпрес и даб 116
Запис за богомилската тврдина во Преспа
од крстоносецот Зигфрид М. 118
Нашата голема црква 120

| | |
|---|---|
| Страв | 122 |
| Поетот и зборот | 124 |
| Жолтиот славеј | 128 |
| Лошата едеквица веќе одмина | 129 |
| Зборовите ја напуштаат песната | 130 |
| Самохан | 132 |
| Разбојот на мајка ми | 133 |
| Луѓе од збор | 134 |
| Свеќите тука никогаш не гаснат | 135 |
| Божјиот гроб | 136 |
| Првата клада во Македонија | 138 |
| Скали од метафори | 142 |
| Елените на детството | 144 |
| Одмазда | 145 |
| Тишината | 146 |
| Еволуција | 147 |
| Зборот | 148 |
| Земјата израмнува сè | 149 |
| Дукак прошета околу синагогата | 150 |
| Создавањето | 154 |
| Мојот татко | 155 |
| Плодовите и зборовите | 156 |
| Д-р Давидов | 157 |
| Според Дукадини | 158 |
| Причесна | 160 |
| Свирката сама ќе засвири | 161 |
| Ќе ме најдеш | 162 |
| Ветерот и смртта | 163 |
| Одново да навратиш тука | 164 |





| | |
|---|---|
| Волкот на детството | 166 |
| Куќа | 168 |
| Наследство | 170 |
| Осет за зборовите | 172 |
| Свирката на мајо | 174 |
| Планина, голема светлосна поплава | 176 |
| Никаква тајна | 178 |
| О, историјо... | 180 |
| Момче со цвеќе на зборовите | 182 |
| Мечот обесен над постелата | 184 |
| Смислата на првиот ред | 185 |
| Роденден | 186 |
| Ана Марголин | 187 |
| 11 аети и еден дополнителен | 188 |
| Безименост | 189 |
| Убав сон ти видела мајка | 190 |
| Чемреење | 191 |
| Никој не сме татковина | 192 |
| Ѕвер на ѕвер ќе му го поземе зборот | 193 |
| Тајно писмо | 194 |
| Монахот од „Свети Наум“ | 195 |
| Провидение | 196 |
| Пластови | 197 |
| Татко ми | 198 |
| Кападокија | 199 |
| Таа | 200 |
| Ѕвездени зборови | 201 |
| Игра | 202 |
| Расфрлани плочи | 203 |

Земјата и ти 204
Атавизам 205
Прстиве мои те паметат 206
Ниеден залез не го памети 207
Тој тука лежи 208
Гревот на надежта 209
Портретот 210
Крштевка 211
Покрај реката 212
Човечките патишта 213
*Белешка за авторот* 214



*НИП „Нова Македонија“* ● Генерален директор: *Панде Колемишевски* ● Издава: *Редакција „Детска радост“* ● Директор и главен уредник: *Петре Бакевски* ● Одговорен уредник: *Здравко Ќорвезироски*

Ликовно-изршен уредник: *Димче Исаиловски*
Илустрации и корица: *Томе Манески*

Коректура: *Оливера Ќорвезироска*

Печат: *НИП „Нова Македонија“, РЕ Печатница,* Скопје 1995

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", Скопје

886.6-1
ПОПОВСКИ, Анте
Провиденија / Анте Поповски. - Скопје : Детска радост, 1995. - 222 стр. : илустр. ; 20 cm. - (Современа македонска поезија ; кн. 2)

Белешка за авторот: стр. 214.

ISBN 9989-30-066-

*Според мислењето на Министерството за култура, за книгата „Провиденија" од Анте Поповски, се плаќа повластена даночна стапка.*

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", Скопје

886.6-1
ПОПОВСКИ, Анте
Провиденија / Анте Поповски. - Скопје : Детска радост, 1995. - 222 стр. : илустр. ; 20 cm. - (Современа македонска поезија ; кн. 2)

Белешка за авторот: стр. 214.

ISBN 9989-30-066-

*Според мислењето на Министерството за култура, за книгата „Провиденија" од Анте Поповски, се плаќа повластена даночна стапка.*